ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА

ул. Македонија 12/3
Палата Македонија
Скопје, Р.Македонија
Тел: + 389 2 3211 262
Факс: +389 2 3126 311
e-mail: dzr@drz.gov.mk
www.dzr.gov.mk

Број: 11-186/17

Дата: 26.10.2010

ДО
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО - СКОПЈЕ

# КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР

## Резиме

Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи заедно со ревизија на усогласеност на Министерство за здравство Скопје, сметка на основен буџет (637) (во понатамошниот текст министерството) за 2009 година.

Извршена е ревизија и издаден е извештај за капиталните расходи кои претставуваат дел (компонента) од Билансот на успех на министерството за 2008 година, издадено е позитвно мислење за вистинито и објективно прикажување а негативно мислење за законското користење на средствата кои претставуваат капитални расходи и дадена е една препорака.

Со ревизијата на превземените мерки по дадените препораки се констатира дека министерството превземало делумно мерки по дадената препорака.

Изразено е негативно мислење во однос на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи како и негативно мислење во однос на усогласеност со законските прописи во финансиските трансакции за 2009 година.

Со извршената ревизија констатирано е дека не е обезбедено реално планирање и одобрување на потребните средства за остварување на загарантираните права на здравствена заштита на граѓаните.
Надлежните лица задолжени за следење и реализација на програмите не ги превземале потребните мерки и активности за следење, изменување и дополнување на програмите како и надоместување на трошоците до ЈЗУ во рамките на утврдените критериуми.

Не е обезбедено соодветно сместување на медицинскиот материјал, правилно вреднување на залихите на вакцините, лековите, заштитните средства.
Не е воспоставен систем на непречено и континуирано прикажување и известување за превземените а неподмирени обврски.

Во делот на реализација на развојните програми каде се опфатени градежни активности констатирани се состојби кои упатуваат на изведување на градежни работи за кои не е обезбедено одобрение за градење односно не е извршено усогласување на постојната проектна документација која во текот на реализацијата создаде состојба на прекинување на градежните активности.

Во делот на доделувањето на договорите за јавни набавки констатирани се состојби на непочитување на одредбите на Законот за јавни набавки во делот на планирање на јавните набавки како и следење на реализацијата на доделените договори за јавна набавка.

Утврдена е системска слабост во делот на обезбедување на потребните средства за обезбедување на со устав и закон загарантираните права за здравствена заштита.

Раководителот на субјектот за поголемиот дел од утврдените состојби превзеде мерки и активности како делегирање на задачи на одговорните лица за надминување на утврдените состојби.

Раководителот на субјектот во соработка со надлежните органи потребно е да превземе мерки за преиспитување на можноста за користење на набавените вакцини против пандемиска инфлуенца и промовирање на ефикасноста и корисноста на набавената вакцина против ХПВ.

Од страна на раководното лице/законскиот застапник на Министерството за здравство добиени се забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за извршена ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 година. Овластениот државен ревизор ги разгледа доставените забелешки и истите не ги прифати. Доставените известувања за превземените мерки по дадените препораки соодветно ќе бидат обелоденети во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

## 1. Вовед

1.1. Извршивме ревизија на приложените финансиски извештаи (страна 39 до 41) заедно со ревизија на усогласеност на Министерство за здравство-Скопје/сметка на основен буџет (637) за 2009 година кои се состојат од Биланс на состојба на ден 31 декември, Биланс на приходи и расходи за годината која завршува со тој датум, преглед на промени на извори на капиталните средства за 2009 година и преглед на значајни сметководствени политики и образложенија кон финансиските извештаи.

1.2. Ревизијата на финансискиот извештај од точка 1.1. на овој извештај е извршена согласно член 22 став 1 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 23 од Законот за државна ревизија.

1.3. Извршена е ревизија и издаден е извештај за капиталните расходи кои претставуваат дел (компонента) од Билансот на приходи и расходи на министерството за 2008 година, издадено е позитвно мислење за вистинито и објективно прикажување а негативно мислење за законското користење на средствата кои претставуваат капитални расходи.

1.4. Финансиските извештаи од точка 1.1. на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот застапувано од:

- Бујар Османи, министер за здравство во период од 26.07.2008 година

Оваа одговорност вклучува дизајнирање, имплементација и одржување на интерна контрола која што е релевантна за подготвување и објективно презентирање на финансиските извештаи кои што се ослободени од материјално погрешни прикажувања, без разлика дали се резултат на измами или грешки, избор и примена на соодветни сметководствени политики, како и правење на сметководствени проценки кои што се разумни во околностите.

Раководството на субјектот е исто така одговорно за осигурување дека активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Одговорност на ревизорите е да изразат мислење за финансиските извештаи од точка 1.1., врз основа на извршената ревизија. Оваа одговорност вклучува и изразување мислење за тоа, дали активностите,

финансиските трансакции и информации рефлектирани во финансискиот извештај се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

Оваа одговорност вклучува извршување на постапки за добивање ревизорски доказ за тоа дали приходите и расходите на Министерство за здравство-Скопје/сметка на основен буџет (637) се користени за планираните намени утврдени од страна на законодавецот. Таквите постапки вклучуваат и проценка на ризикот од неусогласеност.

## 2. Цели и делокруг на ревизијата

2.1. Цел на ревизијата:

На финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања без разлика дали се резултат на измами или грешки и да изрази мислење за тоа дали финансиските извештаи се изготвени, во сите материјални аспекти, во согласност со применливата рамка за финансиско известување.

На усогласеност во врска со ревизијата на финансиските извештаи е да му овозможи на ревизорот да добие разумно уверување за тоа дали активностите, финансиските трансакции и информациите рефлектирани во финансиските извештаи се во сите материјални аспекти, во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

2.2. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани врз завршната сметка составена според применливата рамка за финансиско известување во Република Македонија.

2.3. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија. Овие стандарди налагаат да ги почитуваме етичките барања и да ја планираме и извршиме ревизијата со цел да добиеме разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи се ослободени од материјално погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања докази коишто ги поткрепуваат износите и обелоденувањата во финансиските извештаи. Изборот на постапки зависи од ревизорската процена, вклучително и процена на ризиците за материјални погрешни прикажувања во

финансиските извештаи без разлика дали се резултат на измами или грешки.

При процена на ризиците, ревизорот ги разгледува интерните контроли како релевантни за подготовката и објективното презентирање на финансиските извештаи со цел да се дизајнираат ревизорски постапки кои се соодветни во околностите, но не за целите на изразување на мислење за ефективноста на интерните контроли на субјектот. Ревизијата исто така вклучува проценка на соодветноста на користените сметководствени политики и сметководствени проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 2.1. на овој извештај, како и општа оценка за севкупното презентирање на финансиските извештаи. Веруваме дека обезбедените докази ни обезбедуваат разумна основа за нашето ревизорско мислење.

Ревизијата од точка 1.1. погоре е планирана и извршена во периодот од 08.03.2010 до 16.07.2010 година кај Министерство за здравство-Скопје/сметка на основен буџет (637) од тим на Државниот завод за ревизија.

## 3. Осврт на ревизијата од претходните години - спроведување на препораките.

Ревизијата од точка 1.1. погоре опфати ревизија на спроведување на препораките дадени во Конечниот извештај на ОДР за 2008 година.
Со ревизијата на превземените мерки по дадените препораки се констатира дека министерството превземало делумно мерки по дадените препораки кои се однесуваат во делот на доделувањето на договорите за јавна набавка и следење на нивната реализација.

## 4. Наоди и препораки

Прашањата кои ги покрива овој извештај беа дискутирани на завршниот состанок со раководството и одговорните лица на субјектот - предмет на ревизија, одржан на ден 15.07.2010 година.

На ден 30.09.2010 година со писмо број 11-7864/1 од 28.09.2010 година примени се забелешки по нацрт извештајот на овластениот државен ревизор број 11-186/3 од 01.09.2010 година.

Забелешките се разгледани и е оценето дека истите не содржат значајни елементи за суштинска промена на утврдените состојби во нацрт извештајот односно дел од доставените забелешки претставуваат информирање за превземените мерки за дадените препораки, во одреден

дел се наведуваат причините за утврдените состојби без притоа да се презентираат веродостојни докази со кои ќе се оспорат или преоменат утврдените состојби. Доставените известувања за превземените мерки по дадените препораки соодветно ќе бидат обелоденети во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

Текстот на забелешките по нацрт извештајот на ОДР и одговорот на забелешките се дадени во прилог кон Конечниот извештај.

### 4.1. Интерни контроли

4.1.1. При оценка на системот на интерни контроли на процесот на набавки и плаќања во делот на евидентирање на влезни фактури и системот на залихи констатиравме постоење ризик од непостоење на контрола, координација помеѓу надлежните организациони делови, ненавремено евидентирање на истите во сметководствената евиденција и соодветно вреднување и презентирање во финансиските извештаи. Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на Законот за јавна внатрешна контрола и Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници. Наведената состојба создава ризик за намалување на квалитетот на финансиските извештаи, информациите кои ги даваат истите и законското постапување со залихите.

4.1.2. При оценка на буџетскиот циклус во делот на планирање, извршување и известување за програмите/развојните програми констатиравме ризици кои се однесуваат на утврдување на потребното ниво на средствата; изменување и дополнување на програмите во рамките на одобрените средства; реални критериуми по кои ќе се извршуваат/надоместуваат спроведените активности; недоследно функционирање на контролите во делот на потврдување на извршените услуги и отсуство на навременост во доставувањето на извештаите. Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на законот за Јавна внатрешна контрола, Законот за буџетите, Законот за здравствената заштита и одредбите на самите програми. Наведената состојба создава ризик од намалување на квалитетот на извршените услуги, можност за одлевање на средства за кои не се извршени услуги и обезбедување на навремени и квалитетни информации.

4.1.3. Надлежните органи за раководење со министерството во 2009 година не превземале активности за утврдување, проценка и

контрола на настани и состојби кои може да имаат влијание врз остварување на целите на министерството односно обезбедување на сигурност дека целите ќе се постигнат. Ваквата состојба не е во согласност со одредбите на Правилникот за основните елементи на финансискиот менаџмент и контрола и стандардите за внатрешна контрола во јавниот сектор. Непревземањето на наведените активности предизвикува отсуство/немање на стратегија за управување со ризиците (планирање и извршување на програмите; набавка и поставување со вакцините, лековите, помошниот материјал, заштитните средства итн.; целосна евиденција на материјалните средства; користење на средствата согласно законите и нивната намена), отсуство на активности за превенција и минимизирање на ризикот од неисполнување на целите.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да превземе активности за утврдување, проценка и контрола на можните настани и состојби кои може да имаат влијание врз остварување на целите на министерството/изготвување на стратегија за управување со ризиците и нејзино континуирано ажурирање.

## 4.2. Усогласеност со законски прописи

4.2.1. Врз основа на Решение донесено од министерот за здравство формирана е комисија за контролни процедури при евидентирањето на редовност на работното место. Комисијата има обврска да врши контрола на листите од системот за евидентирање и листите за редовност (онаму каде не е инсталиран систем за евидентирање). Податоците кои ги генерира системот содржат доста грешки и недостатоци. Од сите раководители на соодветните организациони делови не се обезбедени податоци за потврдување на присуството или отсуството на вработените додека ажурирањето се врши еднаш месечно со што ревизијата не е во можност да врши целосна контрола на присутноста на вработените. И покрај ваквата состојба претседателот на комисијата врши верификација на листата за присуство. Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на член 116 од Законот за работни односи, кој уредува дека работодавецот е должен да води електронско евидентирање на полното работно време и на прекувремената работа. Ваквата состојба предизвикува неможност за водење на контрола на

присутноста на работа и можност исплатената плата да не биде одраз на реално искористеното работно време.

Ревизијата истакнува дека не е склучен договор за одржување на системот за електронско евидентирање на работното време, при што чести се состојбите кога наведениот систем не е во функција.

Во фазата на известување од извршената ревизија, Раководителот на субјектот ја задолжува комисијата за контрола на редовноста на работа и раководителите на секторите и директорите на органите во состав на министерството да ги превземат сите потребни мерки за евиденција и контрола на користењето на работното време.

4.2.2. Со ревизијата на интерните акти кои го уредуваат начинот на организација и систематизација на работните места, пресметување и плаќање на платите и надоместоците ревизијата констатира состојби кои не се во согласност со законските и подзаконските прописи и тоа како што следува:

- во Правилникот за систематизација на работните места во министерството не се предвидени работни места за ex-ante и ex-post финансиска контрола и не се направени измени и дополнување во делот на описот на работните места на ИПА структурите најдоцна до 15.11.2009 година (измени се направени на 22.01.2010 година), што не е во согласност со одредбите на член 21 од Законот за јавна внатрешна финансиска контрола кој уредува дека „раководителот на субјектот е одговорен за ex-ante и ex-post финансиската контрола“ и точка 16 од Нацрт - Записникот од Сто и дваесеттата седница на Владата на Република Македонија, со кој министерството има обврска потребните измени да ги направи најкасно до 15.11.2009 година;
- не е извршено усогласување на Правилникот за правата и должностите од работен однос на вработените во Министерството за здравство и Правилникот за плати, надоместоци на плати и други примања на вработените во Министерството за здравство кои немаат статус на државни службеници со одредбите на Законот за работни односи, Законот за државни службеници и Општиот колективен договор за јавниот сектор на РМ, во делот на надоместување на трошоците поврзани со работа (надомест за исхрана и превоз до и од работа) кои со примената на системот на бруто плата не се предвидени во Буџетот на РМ за 2009 година;
- не се изготвени решенија/акт за утврдување на платата на државните службеници во министерството согласно

Правилник за организација и систематизација на работните места во Министерството за здравство заведен под број 07-13528/4 од 13.10.2008 година, со кој се врши усогласување на платите на вработените согласно измените на Законот за државни службеници. Министерот за здравство на ден 27.01.2009 година изготвува известување со кое укажува дека до изготвување на Решенијата за плата на државните службеници по новиот правилник, пресметката на бруто платите да се врши со директна корекција во системот за пресметка на плати. До денот на известување од извршената ревизија не се изготвени решенија/договори за вработување;

- не се изготвени договори за работа за вработените кои немаат статус на државни службеници со кои ќе се уредат правата и обврските на вработените во министерството што не е во согласност со одредбите на член 13 од Законот за работните односи кој упатува на потребата од потпишување на договор за вработување;
- не е извршено враќање на работничките книшки на вработените што не е во согласност со одредбите на член 30 од Законот за изменување и дополнување на законот за работни односи („Сл.Весник број 106/08), кој упатува на потребата во рок од два месеца да се вратат работничките книшки на вработените;

Непревземањето на потребните активности за усогласување на интерните акти, пропишување на контролните активности, донесување на акт за утврдување на висината на платата и уредување на меѓусебните права и обврски од работен однос предизвикува ризик од законско користење на средствата и отсуство на уреденост на правата од работен однос.

На 09.07.2010 година раководителот на субјектот донесува Решение за формирање на работна група, која има обврска да изработи Правилник за внатрешна организација на министерството и Правилник за систематизација на работните места во министерството.

На ден 07.09.2010 година раководителот на субјектот доставува до Агенцијата за државни службеници: Правилник за систематизација на работните места во Министерството за здравство и Правилник за внатрешна организација на министерството се цел да се обезбедат потребните согласности.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да превземе активности по обезбедување на потребната согласност од надлежниот орган да ги изготви потребните решенија/договори за уредување на меѓусебните права и обврски со вработените.

4.2.3. Извршено е доделување на договори за јавна набавка на стоки (набавка на учебници од реномирани странски автори од областа на медицината). Во одредбите на самите договори утврдена е клаузулата за начинот на плаќање од кои 20% од вкупната вредност на договорот се исплаќа вториот месец по потпишувањето на договорот при што носителот на набавката е должен да достави договор или друг соодветен документ од странската издавачка куќа за откуп на авторските права на учебниците. Со ревизијата на договорите и документите со кои се врши плаќањето, примопредавањето, распределбата и дистрибуцијата на печатените книги утврдени се состојби и тоа:

- еден економски оператор/добавувач не обезбедил и доставил договор за еден од планираните/договорените учебници од кој може да се констатира дека се откупени авторските права;
- на 11.05.2010 година Владата на Република Македонија донела одлука (број 51-2439/1) за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари, со која правото на користење на движните ствари (печатени книги/учебници) од Министерството за здравство го превзема Министерството за образование и наука. За уредување на ова прашање на ден 26.05.2010 година склучен е договор за примопредавање на движни ствари (печатени книги/учебници), во кој е уредено дека примопредавањето ќе се изврши записнички;

  Министерството за образование иако имало сознание дека не е донесена одлука од надлежниот орган и потпишан договор за уредување на меѓусебните права и обврски помеѓу Министерството за здравство и Министерството за образование од една страна и извршеното примопредавање (прием) на книгите од економските оператори од друга страна, Министерството за образование доставува записници (со кои се врши распределба на книгите до крајните корисници) до дистрибутерот на книгите, со што најголем дел од книгите се дистрибуирани (26.04.2010) пред да се донесат погоренаведените акти (Прилог фотографија „прием на печатени книги“);
- презентиран е Записник за извршен увид на предадени движни ствари архивски (помеѓу министерството и еден од носителите

на набавката) заверен на 26.05.2010 година во кој е наведено дека примопредавањето е извршено на 08.04.2010 година. Ревизијата изразува сомнеж за прилагодување на наведениот документ;

За останатите носители на набавката презентирани се два записници за примопредавање на движните ствари од кои примопредавањето и архивирањето на записниците е извршено на 26.05.2010 година;

Од вкупно 7 лица задолжени со решение за следење на реализацијата на договорите и примопредавање на учебниците од избраните понудувачи, на записникот се потпишани само 4 лица;

- на ревизијата не и е дадено соодветно објаснување зошто насловот на  записникот е дефиниран како "Записник за предадени книги од Проектот на Владата на Република Македонија  - превод на 500 книги од кои се учи на врвните, најдобрите и најреноминираните универзитети во САД и Англија а од областа на правото во Франција и Германија" иако се имало во предвид дека се работи за книги од областа на медицината;
- дел од потребните средства за печатење на книги од светски реномирани автори во износ од 98.559 илјади денари се платени од ставката Ситен инвентар, алат и други материјали за поправки, потставка списанија, весници и други изданија за користење од страна на вработените, иако наведеното плаќање било потребно да се исплати од ставката договорни услуги, потставка услуги за копирање, печатење и издавање.

Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на Законот за користење и располагање со стварите на државните органи, одредбите на доделените договори за јавна набавка и законските и подзаконските акти во делот на извршувањето на буџетот (користење и плаќање на обврски од ставки за кои не припаѓаат на соодветната намена) односно на член 2 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година, кој уредува дека „буџетските корисници се должни средствата утврдени во Буџетот да ги користат за намените кои се утврдени" и член 7 од Законот за буџетите кој уредува дека „буџетските корисници не смеат да направат расходи над одобрените средства со Буџетот. Наведената состојба има за ефект неможност од потврдување на целосноста на извршените активности (набавка, прием, издавање и дистрибуција), ризик од дополнителни обврски за необезбедени авторски права, распределба на учебниците пред нивното

примопредавање и можност од незаконско и ненаменско користење на средствата.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да ги задолжи лицата за следење на реализација на договорите, добавувачот да го обезбеди наведениот договор за преотстапување на авторските права.

Раководителот на субјектот да превземе активности за пропишување на политики за следење на реализацијата на договорите, приемот и издавањето на примените стоки.

***Планирање и извршување на програмите***

4.2.4. Со Буџетот на Република Македонија за 2009 година во разделот на министерството покрај другите програми се утврдени и програмите Здравствена заштита за превенција и Куративна здравствена заштита за превенција во кои се утврдени 15 потпрограми. Постапувајќи согласно одредбите на член 41 од Законот за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2009 година, министерството ги изготвува потребните програми а Владата на Република Македонија ги донесува во најголем дел на 2 јануари 2009 година, притоа дефинирајќи ги висината на средствата, активностите кои треба да се спроведат и условите и критериумите на реализација на програмата. Со ревизијата на активностите превземени во рамките на програмите ревизијата утврди состојби (детално елаборирани во Прилог број 1) кои се однесуваат односно се појавуваат кај најголемиот број на програми и состојби кои се однесуваат засебно за секоја програма. Утврдените состојби кои се однесуваат за најголемиот број на програми се следните:

- во процесот на усогласување на предлозите на буџетските барања помеѓу раководителот на субјектот и Министерството за финансии не се обезбедени доволни средства за задоволувања на правата на здравствена заштита на граѓаните во делот на загарантирани права и утврдени потреби и интереси на општеството (член 32 од Законот за здравствена заштита);
- во програмите не се предвидени активностите и средствата предвидени во буџетот расходи од донации иако во Буџетот на Република Македонија се презентираат како вкупни расходи

на соодветната програма (расходи на основен буџет и расходи од донации);

- во програмите не се содржани податоци и не се утврдени износите на неплатените обврски од претходниот период и покрај тоа што во тековната година се плаќаат трошоци од претходни периоди;
- во текот на буџетската 2009 година извршени се две измени и дополнувања на Буџетот на Република Македонија за 2009 година и неколку пренамени на финансиски средства кај одредени програми со кои се врши намалување/зголемување на средствата на соодветните програми/потпрограми без притоа министерството да превземе активности за навремено доставување на измени и дополнување на секоја конкретна програма во рамките на одобрените средства. Во најголем дел измените и дополнувањата се направени во месец декември а постојат и програми за кои не се направени измени и дополнувања;
- во програмите утврдени се Јавните здравствени установи (во понатамошниот текст ЈЗУ) кои ќе вршат активности согласно програмата, меѓутоа не се превземени мерки и активности за склучување на договор за уредување на меѓусебните права и обврски помеѓу Министерството за здравство и ЈЗУ согласно програмските активности;
- не се почитуваат утврдените рамки/критериуми за фактурирање на извршените услуги предвидени со програмите, кои во најголем дел не ја одразуваат реалната состојба на цените на чинење на услугите;
- не се врши ex-ante и ex-post контрола на доставените фактури и пропратна документација, како и сеопфатен надзор над реализацијата на поделните програми;
- фактурите кои се над лимитот на утврдените средства во програмата не се доставуваат во сметководството и во деловните книги и финансиските извештаи, не е извршено евидентирање и искажување на настанатите обврски (фактурите се чуваат по кутии) на име извршени услуги над лимитот утврдени со програмата, во износ од 146.200 илјади денари;
- не се изготвуваат односно ненавремено или несоодветно се изготвуваат извештаите за реализираните мерки и активности предвидени со програмите (воспоставена е обврска извештаите да се доставуваат заклучно до 15.01.2010 година), ;

Во текот на 2010 година со изменување и дополнување на дел од пооделните програми превземени се активности за искажување на дел од неизмирените обврски од претходниот период.

**Програма за заштита на населението од ХИВ/СИДА**

- не се предвидени проектните активности на средства од донации во износ од 116.197 илјади денари;
- не се почитуваат утврдените рамки по одделни ЈЗУ и не се почитува вкупната граница на предвидени средства во делот на лабораториски испитувања со што утврдениот износ од 2.368 илјади денари е надминат за 853 илјади денари само за делот на приложените документи во деловните книги не земајќи ги во предвид надминувањата на оваа програма во износ од 793 илјади денари;

**Програма за здравствена заштита на лица со болести на зависности во Република Македонија**

- констатирани се разлики помеѓу утврдените единечни цени содржани во самата програма и цените по кои се врши фактурирањето на извршените услуги, односно цените по кои се врши фактурирањето се повисоки од цените утврдени во програмата. Со извршената ревизија на дел од доставените документи констатирани се отстапувања по сите основи во износ од 10.049 илјади денари (Прилог бр.2);
- во делот на месечен третман на еден пациент со метадонска терапија покрај другото предвиден е и лекот метадон. Министерството воспоставило пракса да врши набавка на наведениот лек и да го достави до ЈЗУ. И покрај ваквата пракса ЈЗУ врши фактурирање на наведениот лек на терет на Министерството за здравство без основ со што незаконски се фактурирани само за делот што претставуваше предмет на ревизија средства во износ од 357 илјади денари (Прилог бр.2);
- извршено е доделување на договор за јавна набавка на стоки (метадон) на 04.09.2009 година во количини и по цени повисоки од количините и цените утврдени во програмата (за што е извршено дополнително изменување на програмата);
- не се искажани залихите на метадонот во Билансот на состојба на 31.12.2009 година и изворите на средствата во износ од 5.286 илјади денари;
- не е доставен извештај за реализираните мерки и активности предвидени со програмата (воспоставена е обврска извештаите да се доставуваат заклучно до 15.01.2010 година). На ревизијата

и беа презентирани изготвени/потполнети прашалници/формулари кои се доставени до министерството од ЈЗУ во месеците март и април 2010 година, кои содржат одговори за превземените активности со оваа програма, Програмата за заштита на лица со душевни растројства и Програмата за здравствена заштита на болни кои се третираат со дијализа.

**Програма за организирање и унапредување на крводарителството**

- на ревизијата не и се презентирани документи (освен една од приватна здравствена установа/стоматолошка ординација) од ЈЗУ за надоместување на дел од трошоците (партиципација) за извршените услуги на крводарители со над 10 крводарувања. Првично за оваа намена биле предвидени 19.500 илјади денари за да на крај со втората измена на буџетот овие средства се избришани;
- преносот на средствата од програмата до корисниците е уредено да се извршува врз основа на доставени фактури и извештаи, но во приложените документи недостасуваат потребните извештаи. Во текот на ревизијата дополнително за еден корисник на средства, на ревизијата и се презентирани извештаи кои не се печатирани и архивски заверени, со што го немаат белегот на уреден и веродостоен документ;

**Здравствена заштита на болни кои се третираат со дијализа**

- во рамките на Програмата предвидено е и извршено е лекување на пациенти од Република Албанија согласно Спогодбата меѓу Македонската Влада и Албанската Влада за соработка во областа на здравството и медицинските науки. За извршување на оваа спогодба е уредено дека министерствата за здравство на двете земји треба да потпишат планови за соработка во времетраење од три години со кои ќе ги утврдат активностите и ќе ги одредат финансиските услови за извршување на истите. На ревизијата не и е презентиран таков план што не е во согласност со член 7 од наведената спогодба;
- во делот на точка 4 - Шеќерна болест – дијабетес меллитус предвидени се средства во износ од 14.923 илјади денари во кои вклучено е набавка на инсулин. Од извршениот увид на доставените фактури од ЈЗУ се констатира дека набавката на инсулинската терапија се фактурира по различна цена од ЈЗУ до

ЈЗУ, односно не се превземени мерки за групна набавка во известувачкиот период;

**Програма за здравствена заштита на лица со душевни растројства**

- констатирани се разлики помеѓу утврдените единечни цени содржани во самата програма и цените по кои се врши фактурирањето на извршените услуги, односно цените по кои се врши фактурирањето се повисоки од цените утврдени во програмата. Со извршената ревизија на дел од доставените документи констатирани се отстапувања по сите основи во износ од 14.693 илјади денари (Прилог бр 3);

**Програма за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Македонија за 2009 година**

- не се предвидени проектните активности на средствата од донации во износ од 1.538 илјади денари, за кои средства постои извршување во делот на сметките на донации;

**Програма за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Македонија за 2009 година**

- не се предвидени проектните активности на средствата од донации во износ од 56.645 илјади денари, за кои средства постои извршување во делот на сметките на донации;

**Програма за здравје за сите и континуирана медицинска едукација во Република Македонија за 2009 година**

- извршени се две измени и дополнувања на Буџетот на Република Македонија со кои утврдените/одобрените средства од 12.000 илјади денари се намалуваат на 10.000 илјади денари односно 6.565 илјади денари, без да се превземат мерки и активности за изменување и дополнување на Програмата и усогласување на програмските активности во рамките на одобрените средства. До Владата на Република Македонија во текот на месец декември 2009 година, доставена е Програма за изменување и дополнување на Програмата "Здравје за сите" за 2009 година но до денот на ревизијата истата не е одобрена од Владата и објавена во службен весник;

  На 10.12.2009 година извршена е пренамена од Програмата "Здравје за сите" со која одземени се 1.600 илјади денари (ставка 425) и зголемени се средствата на Програмата за заштита на населението од ХИВ/Сида во РМ за ставка 425 без притоа да се

превземат мерки да се извести надлежниот орган (Влада на Република Македонија) за изменување и дополнување на програмата;

**Програма за лекување на ретки болести за 2009 година**

- одобрените средства со програмата и Буџетот на Република Македонија не ги одразува реалните потреби и не ги покрива трошоците за реализација на програмските активности, односно со програмата е предвидено лекување на 20 лица од ретки болести, додека со програмата реално се опфатени само 2 лица (согласно извештајот поднесен од страна на Клиниката за детски болести);
- извршено е доделување на договор за јавна набавка на стоки (лекови) на почетокот на известувачкиот период во кој е предвидено дека е потребно изготвување на записник за примопредавање на лекот. На ревизијата не и е презентиран записник за примопредавање на набавениот лек односно презентирана е само испратница;
- во текот на месец декември 2009 година извршено е доделување на договор за јавна набавка на стоки/лек, кои лекови се набавени во месец јуни, септември и на денот на склучување на договорот, односно извршена е набавката пред да се склучи договорот. На ревизијата и се презентирани неколку испратници со реалниот датум на испорака кои дополнително се сторнираат и се изготвува нова испратница со датум 04.12.2009 година;
- извештајот за реализираните мерки и активности во 2009 година предвидени со програмата е доставен до министерството на ден 20.05.2010 година (со закаснување од 4 месеци) од Клиниката за детски болести;

**Програма за рано откривање и спречување на болестите на репродуктивните органи кај жената во Република Македонија за 2009 година**

- не се предвидени проектните активности на средствата од донации во износ од 9.000 илјади денари;

**Програма за задолжителна имунизација на населението во Република Македонија за 2009 година**

- не се предвидени проектните активности на средствата од донации во износ од 1.228 илјади денари;
- имајќи ги во предвид вкупните плаќања по оваа програма кои изнесуваат 287.134 илјади денари и искажаните неплатени

обврски во износ од 217.723 илјади денари, вкупната реализација на оваа програма изнесува 504.857 илјади денари односно надминување на програмата од 164.857 илјади денари;

**Програма за рано откривање, дијагностицирање и лекување на ракот на дојката за 2009 година**

- во делот на промотивните и едукативни активности извршена е распределба на средства на НВО имплементаторите на активностите во износ од 400 илјади денари, без притоа истите да достават предлог - проекти за реализација на активностите и нивно прифаќање од страна на Министерството за здравство, како што е уредено со самата програма;
- извршена е распределба на предвидените средства со програмата на јавни здравствени установи во износ од 2.276 илјади денари без притоа да се почитува утврдениот критериум по 320 денари по извршен преглед, односно распределбата е извршена по соодветен процент од извршени прегледи;

**Програма за Здравствена заштита на одредени групи на население и одделни заболувања на граѓани кои не се здравствено осигурани за 2009 година**

- постои неусогласеност помеѓу потврдите издадени од соодветните подрачни служби на фондот (дека не постои друг основ за осигурување) и програмата, каде во програмата се предвидува само општ лекарски преглед додека во потврдата од фондот се предвидува и специјалистички преглед;
- извршени се исплати на име општ лекарски преглед и дијагностички испитувања – лабораторија и рентген во износ поголем од утврдениот со програмата за 217 илјади денари;
- извршени се исплати на ЈЗУ на име потрошен медицински материјал, лекови и ампуларна терапија во износ од 2.356 илјади денари за кои не се предвидени средства во програмата и 380 илјади денари за извршени услуги за кои во прилог на фактурата недостасува потврда од фондот;
- во делот на здравствената заштита на родилки (неосигурани), ревизијата констатира дека јавните здравствени установи имаат различен пристап во начинот на фактурирање за извршените здравствени услуги, односно некои здравствени установи фактурираат 10% од бројот на извршени вкупни породувања, додека други здравствени установи фактурираат

според реалниот број на извршени породувања на неосигурани родилки;

И покрај постоењето на унифицирани модели на фактури и извештаи кои ЈЗУ ги доставуваат на месечно ниво, ревизијата не можеше да се увери во бројот на вистински, направените породувања на лица кои не се здравствено осигурени, како и извршени прегледи поради отсуство на пропратна документација;

Утврдените состојби не се во согласност со одредбите на член 32 од Законот за здравствената заштита кој уредува дека средствата се распоредуваат со програми кои ги донесува Владата на Република Македонија, одредбите на Законот за Буџетите, член 41 од Законот за извршување на буџетот на Република Македонија и одредбите на самата програма. Непревземањето на потребните активности предизвикува отсуство на уреденост на меѓусебните права и обврски, не доволни средства за заштита на населението, извршување на услуги од ЈЗУ надвор од утврдените лимити со програмата, неусогласеност на средствата утврдени со програмата и реално потребните средства, ненавременост на усогласување на програмите, оневозможување на извршување на надлежностите на надлежниот орган (Владата на Република Македонија), отсуство на потребните информации за остварување на програмските активности, можност од незаконско користење на средствата, намалување на вредноста на активните временски разграничувања и обврските кон добавувачите, намалување на квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои ги даваат истите.

За надминување на утврдените состојби раководителот на субјектот превзеде повеќе мерки за постапување и отстранување на утврдените состојби и тоа како што следува:

- донесено е Решение за формирање на комисија за утврдување на обврските на министерството спрема здравствените установи и други правни субјекти, да се обезбеди уредна и веродостојна документација врз основа на кои ќе се утврдува фактичката состојба и да се изврши искажување и евидентирање во деловните книги;
- донесено е Решение за формирање на комисија за преиспитување на сите фактури од програмите во кои како имплементатори на активностите се појавуваат ЈЗУ а пред се во делот на неосновано фактурирање;
- издадени се три работни задачи со конкретни задолжувања кои се однесуваат на утврдување на реалните потреби,

средства и критериуми за извршување на програмите; обврската за вршење на инспекциски надзор во сите ЈЗУ и формирање на потребните комисии за отстранување на утврдените состојби;

- известувања до ЈЗУ за сторнирање на дел од извршените услуги кои не се фактурирани во согласност со критерумите утврдени во програмите;

На ден 28.09.2010 година раководителот на субјектот донесува Упатство за процедури и постапки на планирање, подготвување, реализација на програмите како и постапки за реализирање на финансиските средства на извршителите на активностите од Програмите финансирани од Буџетот на Република Македонија.

**Препорака**

Раководителот на субјектот во процесот на усогласување со надлежното министерство за изготвување на Буџетот на Република Македонија и надлежните органи за одобрување и донесување на буџетот да обезбеди планираните/одобрените средства да претставуваат одраз на реалните потреби за задоволување на загарантираните права и утврдени потреби и интереси со уставот и законот.

Раководителот на субјектот да ги задолжи лицата одговорни за следење на реализацијата на мерките и активностите утврдени во поеделните програми, фактурирањето на услугите по истите да се врши по реални цени утврдени од надлежните органи.

Раководителот на субјектот да обезбеди континуиран надзор над спроведување на мерките и активностите утврдени со поеделните програми.

4.2.5. Во периодот од 04.09.2009 година па заклучно со 11.12.2009 година донесени се четири одлуки за доделување на договор за јавна набавка на стоки (вакцини и лекови за заштита од појава на пандемиска инфлуенца А1/X1H1) од кои во двете одлуки не е наведена вредноста на набавката а вредностите на останатите набавки се одредени на 2.600 илјади евра (159.900 илјади денари).

Министерство за здравство склучило договори за набавка на вакцини и лекови (пандемрикс, целвапан, реленца, тамифлу) од добавувачи од земјава и странство во периодот (04.09 до 11.12.2009 година) и за дел од истите (освен за пандемрикс) извршен е прием во соодветните веледрогерии, без притоа министерството

за здравство да обезбеди парични средства за набавка на истите. Одлуката за одобрување на средства од резервите на Буџетот на Република Македонија за 2009 година во износ од 120.000 илјади денари не е донесена во потребниот рок односно истата е донесена на 15.12.2009 година. Ваквата состојба не е во согласност со одредбите на член 26-а став 1 од Законот за јавните набавки и член 7 став 2, член 27 и член 37 став 1 од Законот за буџетите во кои е уреден начинот на постапување при доделување на повеќегодишен договор за јавни набавки и начинот на реализација на средствата утврдени со буџетот и создава ризик од незаконско користење на средствата.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да пропише политики/процедури кои ќе обезбедат воспоставување на контроли за проверување на целосноста и веродостојноста на обезбедените документи кои се неминовни пред да започне постапката за доделување на договорите за јавни набавки.

## 4.3. Финансиски извештаи

### *Биланс на состојба*

4.3.1. Во известувачкиот период министерството за задоволување на потребите од ситен инвентар, канцелариски материјали, вакцини, лекови, средства за дезинфекција, заштитни средства итн. (во понатамошниот текст средствата) воспоставило пракса дел од средствата да ги добива од надлежниот орган задолжен за вршење на општите и заедничките работи а за делот на вакцини, лекови, средства за дезинфекција, заштитни средства итн. да ги набавува од економските оператори. Со извршената ревизија на начинот на набавката, приемот, издавањето/дистрибуцијата, сметководствената евиденција и известувањето за состојбата на средствата, ревизијата ги утврди следните состојби:

**Синтен инвентар на залиха/употреба**

- не е воспоставен систем на евидентирање на набавените, добиените и издадените суровини и материјали, канцелариски материјали, ситен инвентар и ситен инвентар даден во употреба, односно не е воспоставен систем на правење на приемница, испратница како и водење на материјална и финансиска евиденција;

- не се врши навремено и целосно задолжување, изработка на реверси на лицата за примениот, дадениот ситен инвентар во употреба;

**Материјали на залиха**

- не се утврдени политики и процедури за начинот на набавката, приемот, издавањето/дистрибуцијата и известувањето за состојбата на вакцините, лековите, помошниот материјал, заштитните средства и другите материјали и средства набавени/примени преку Министерството за здравство/веледрогериите ;
- доставувањето на вакцините, заштитните средства итн, не секогаш се извршува во утврдените рокови со договорите;
- во тендерската документација не е наведена обврската дека економските оператори имаат обврска да ги чуваат набавените вакцини, заштитни средства итн. без надомест;
- не е склучен договор за уредување на меѓусебните права и обврски за начинот на чување и доставување на вакцините, лековите, заштитните средства итн. помеѓу министерството и веледрогериите;
- не се почитуваат доследно одредбите од договорите за начинот на доставување на вакцините, лековите, заштитните средства итн. односно воспоставен е различен пристап од веледрогериите во делот на доставување на испратници/реверси/фактури итн. како и потребните податоци за вредноста на доставените средства.
- не секогаш од сите веледрогерии се доставуваат повратни документи/испратници итн. до министерството како доказ за извршената достава;
- на ревизијата не и е презентиран акт за делегирање на надлежностите за правото на располагање/издавање на средствата на лицата вработени кои вршат распределба;
- постојат состојби кога издавањето на вакцините од страна на веледрогериите се врши на лица кои не се стручни за начинот на одржување на условите за транспорт на вакцините (возачи);
- ЈЗУ немаат воспоставен систем на изготвување на приемници и испратници/издатници за примените и издадените вакцини, лекови, заштитни средства итн.;
- не е воспоставена материјална и финансиска (вонбилансна) евиденција за примените и издадените средства, освен кај одредени ЈЗУ каде во моментот на примање на вакцините се

врши влез/излез на целокупната количина без да се има сознание колкава е залихата на соодветен временски период;

- не е воспоставен систем и дизајниран образец/форма за известување на вакцините/лековите, заштитните средства итн. нивно доставување до министерството и навремено предупредување за вакцините на кои им изминува рокот на употреба;
- освен во одредени ЈЗУ, ревизијата констатира дека отсуствува чувството дека вакцините, лековите, заштитните средства итн. кои се дадени од министерството се добра од општ карактер, не се дава ист третман како на средствата кои ги набавуваат ЈЗУ со сопствени средства и не се води доволно грижа за соодветно складирање/чување, спречување од расипување и изминување на рокот на употреба (Прилог фотографија „залиха на заштитни средства“);
- не се превземени активности (освен две ЈЗУ кои уништувањето го извршиле на свој терет) за собирање и групно уништување на вакцините, лековите и заштитните средства кои се со изминат рок а се сопственост на министерството (Прилог фотографии „постапување со вакцини со поминат рок“ и “постапување со медицински материјали со поминат рок“);
- од страна на ЈЗУ давани се вакцини и на други организации (правни субјекти) кои вршат здравствена дејност без да се имаат податоци за количините на залиха на крајот од известувачкиот период;
- не е извршен попис во ЈЗУ и веледрогериите за утврдување, мерење, пребројување или поблиско опишување на средствата кои се сопственост на министерството, нивно внесување во пописните листи, нивно доставување до министерството, вклучување во извештајот за попис на министерството и презентирање на состојбите во финансиските извештаи;
- не е извршено презентирање на вредноста на вакцините, лековите, средствата за дезинфекција, заштитните средства итн. во финансиските извештаи на министерството во износ од 465.119 иљади денари од кои (средства кај веледрогериите во износ од 353.421 иљада денари (Прилог број 4) и средства кај ЈЗУ во износ од 111.698 иљада денари Прилог број 5);
- заклучно со известувачкиот период (31.12.2009 година) вредноста на средствата со поминат рок изнесува 8.507 иљади денари;

Утврдените состојби не се во согласност со одредбите на Законот за облигационите односи, Законот за сметководство за буџетите и

буџетските корисници, член 29 до член 32 од Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници и одредбите на Правилникот за начинот и роковите за вршење на попис и усогласување на сметководствената со фактичката состојба (за веледрогериите) во кој е уреден начинот на вршење попис на туѓите средства и одредбите на склучените договори. Констатираните состојби создаваат можност од несоодветно постапување, загуби на средствата (поминат рок/ризик за нанесување штета на Република Македонија), помалку искажани залихи и извори на средства за износ од 465.119 илјади денари, намалување на квалитетот на финансиските извештаи и информациите кои ги даваат истите.

За надминување на утврдените состојби раководителот на субјектот превзеде повеќе мерки за постапување и отстранување на утврдените состојби и тоа: издадени се работни задачи со конретни задолжувања кои се однесуваат: на пропишување на политики и процедури за начинот на прием, издавање и известување за вакцините и друг медицински материјал кој е сопственост на министерството; вршење на инспекциски надзор од страна на Државниот санитарен и здравствен инспекторат кај Јавните здравствени установи и превземање на мерки за организирано уништување на вакцините и друг медицински материјал со поминат рок.

На ден 15.07.2010 година Раководителот на субјектот донесе акт под наслов "Политики и процедури за начинот на прием, издавање, водење евиденција и вршење попис на вакцини и друг медицински материјал (дезинфекциони средства, заштитна опрема, друг материјал кај јавните здравствени установи)".

**Препорака**

Раководителот на субјектот да изврши делегирање на надлежностите во делот на правото на располагање, распределба/одобрување на средствата.

Раководителот на субјектот да ги задолжи лицата задолжени за имплементирање на проектните активности за интегриран здравствен информатички систем, да развијат и имплементираат соодветен модул за навремено и непречено информирање/известување за состојбата на средствата.

4.3.2. На ден 22.12.2009 година донесена е одлука за престанок и за давање на трајно користење на движни ствари на Министерство за здравство, кои во претходниот период биле на користење на Министерството за одбрана. Со наведената одлука се опфатени основни средства и ситен инвентар за кои се дадени податоците како: шифра, име на основно средство, година и број, описот и количината без да се наведат ревалоризираната набавна вредност и ревалоризираната исправка на вредноста на средствата.

За уредување на меѓусебните права и обврски во одлуката е наведено дека Министерството за здравство и Министерството за одбрана имаат обврска да склучат договор. До денот на известувањето за извршената ревизија не е склучен договор за уредување на меѓусебните права и обврски, воспоставување на соодветна евиденција, нивно презентирање во финансиските извештаи и доставување на потребните податоци до Министерството за финансии. Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на одлуката и член 54, 82 и 90 од Законот за користење и располагање со стварите на државните органи и има за ефект за помалку искажани средства и извори на средства, намалување на квалитетот на финансиските извештаи и на информациите кои ги даваат истите.

На ден 05.07.2010 година Министерот за здравство доставува допис до Министерството за одбрана со кое укажува на потребата од склучување на наведениот договор и уредување на меѓусебните права и обврски за движните ствари.

**Препорака:**

Раководителот на субјектот да ги задолжи лицата за водење на деловните книги по обезбедување на потребните информации и податоци и склучување на наведениот договор, да ги воведе во евиденција дадените движни ствари на користење.

4.3.3. На ден 02.02.2009 година раководителот на субјектот до сите Јавни здравствени установи доставува известување во кое покрај другото ги известува дека „фактурите кои ги имате доставено до Министерство за здравство, заклучно со 31.12.2008 година, и за годините пред 2008 година, а кои се однесуваат за извршени здравствени услуги по националните превентивни и куративни програми за здравствена заштита, а кои не се исплатени заклучно со 31.12.2008 година, согласно принципите на буџетското работење, треба да извршите отпис со Одлука на Управниот одбор на Вашата здравствена установа". Утврдената состојба не е во

согласност со одредбите на член 130 и 131 од Законот за здравствена заштита каде се уредува начинот на утврдување на цените за извршените здравствени услуги. Ефектот од утврдената состојба само кај дел од конфирмираните ЈЗУ установи изнесува 301.505 илјади денари (Преглед број 6) отпишани побарувања од министерството и предизвикува влошување на солвентноста и ликвидноста на ЈЗУ и можност за намалување на квалитетот на здравствените услуги.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да изготви циркуларно писмо и истото да го достави до сите ЈЗУ со кое ќе укаже дека наведеното известување не претставува основ за постапување а фактурирањето да се извршува врз основа на цените одобрени согласно закон.

4.3.4. За да се обезбедат/прибават достатни и соодветни податоци за усогласување на обврските искажани во билансните позиции, ревизијата постапувајќи во согласност со МСР 505 Екстерни конфирмации и реден број 154 од Правилникот за ревизорските стандарди за државната ревизија, пристапи кон екстерно конфирмирање на комитентите на министерството и ЈЗУ. Од добиените повратни конфирмации ревизијата констатира дека во финансиските извештаи не се евидентирани обврски од ЈЗУ во вкупен износ од 323.703 илјади денари и воедно неусогласеност на обврските од комитентите во земјата и странство во износ од 153.709 илјади денари. Утврдената состојба предизвикува помалку искажани активни временски разграничувања и обврски во износ од 477.412 илјади денари.

**Препорака:**

Раководителот на субјектот да пропише политики и обезбеди нивно имплементирање во насока на континуирано усогласување на обврските со комитентите и јавните установи кои имаат деловна соработка со министерството.

### 4.4. Користење на средствата согласно законските прописи

4.4.1. При увидот во начинот на планирање, спроведување и реализација на постапките за јавни набавки, констатирани се состојби кои упатуваат на недоследно почитување на одредбите на Законот за јавни набавки. Извршени се набавки на стоки врз

основа на спроведени постапки за јавни набавки во 2008 и 2009 година (интегриран здравствен систем, систем за електронска здравствена заштита, учебници од областа на медицинските науки вакцини, лекови) и работи (изградба на 17 амбуланти и дијагностички центар за потребите на ЈЗУ Клиничка болница-Тетово) во вкупен износ од 786.310 илјади денари, на начин што:

- во одредени постапки за јавни набавки не се обезбедува усогласеност помеѓу износот наведен во Планот за јавни набавки со износот наведен во Решението за јавна набавка каде е констатирана разлика во износ од 134.049 илјади денари (Прилог број 7);
- спроведени се постапки за јавни набавки кои не се предвидени во Планот за јавни набавки во износ од 40.593 илјада денари (Прилог број 8);
- извршено е надминување на договорената вредност на одредени договори за јавни набавки во износ од 221.874 илјади денари (Прилог број 9);
- извршена е промена на тендерската документација во делот на потребните количини без притоа да се донесе акт за изменување и дополнување на Планот за јавни набавки/Решението за јавни набавки во износ од 129.613 илјади денари (Прилог број 10);
- на ревизијата не се презентирани потребните документи (инвестициона програма) од спроведената постапка за јавна набавка во износ од 72.059 илјади денари (Прилог број 11) и
- склучени се договори за јавни набавки на англиски јазик, без притоа истите да бидат испечатирани и потпишани на македонски јазик во износ од 188.122 илјади денари (Прилог број 12);

Утврдената состојба не е во согласност со член 26 и 172 од Законот за јавни набавки со кои се уредува дека „договорниот орган донесува план за своите вкупни потреби за набавки во тековната година, со кој се определува очекуваниот почеток на постапката, проценетата вредност на договорот и видот на постапката за јавна набавка“ и „договорниот орган го чува досието за постапката за јавна набавка најмалку 5 – пет години од денот на извршување на договорот за јавни набавки“ и член 3 од Правилникот за начинот на проценување на вредноста на договорите за јавни набавки кој уредува дека „проценетата вредност на договорите за јавна набавка се пресметува при изготвување на годишниот план за јавни набавки и само пред донесување на одлуката за јавна набавка се врши прилагодување на проценетата вредност на

конкретниот договор за јавна набавка“ и одредбите на Законот за сметководство за буџетите и буџетските корисници;

Несоодветното постапување во доделувањето на договорите за јавна набавка предизвикува можност од ненаменско и незаконско користење на средствата и необезбедување на фер конкуренција, еднаква и недискриминаторска положба на понудувачите, транспарентност и јавност при набавките.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да превземе мерки за пропишување на процедури за начинот на спроведување на јавните набавки и воспоставување на контроли за следење на начинот на спроведување и реализација на јавните набавки.

**Развојни програми**

4.4.2. Во рамките на Буџетот на Република Македонија за 2009 година, за министерството се утврдени седум (7) развојни програми/среднорочен приказ на програми кои се наменети за развојни инвестиции. Со ревизијата на активностите превземени во рамките на програмите ревизијата утврди повеќе состојби и тоа како што следува:

***Изградба на амбуланти во рурални подрачја***

Врз основа на Извадок од Нацрт-записник од Дваесетата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 12.10.2008 година Министерството за финансии на Република Македонија е задолжено да обезбеди финансиски средства за реализација на изградбата на амбуланти во рамки на реалните можности на Буџетот на Република Македонија за 2009 година. За таа цел во Буџетот на Република Македонија во развојниот дел во разделот на Министерството за здравство во Програмата 1 Администрација, утврдена е потпрограмата 1 В Изградба на амбуланти во рурални подрачја. На ревизијата не и е презентиран актот од Владата на Република Македонија за одобрување на плановите на наведената програма за развој, што не е во согласност со член 21-а од Законот за Буџетите кој уредува дека „Владата на Република Македонија предлозите на плановите на програмите за развој ги одобрува најдоцна до 15 август во тековната година“.

Со наведената потпрограма се планира изградба на 18 амбуланти, од кои 8 во 2009 година и 10 во 2010 година.

Со извршената ревизија на документите кои се ставени на располагање, ревизијата го констатира следното:

- според податоците содржани во Информацијата за реализација на проектот инвестирање во нови амбуланти во руралните средини, со пресек на превземени активности, утврдено е дека станува збор за изградба на 17 здравствени амбуланти, односно изнесените информации во Буџетот на РМ не соодвествуваат со точниот број на амбуланти кои преставуваат предмет на градење;
- на ревизијата не и се презентирани документи од кои може да се констатира кои се 8те амбуланти кои ќе претставуваат предмет на градење во 2009 година;
- предвидените амбуланти за градење во населените места Свети Стефан - Охрид, с.Скудриње – Маврово - Ростуше до денот на ревизијата не се отпочнати за градење, поради не извршен избор на соодветни локации за градба;
- амбулантите с.Копаница - Скопје, с.Вејце - Тетово, с. Мислодежда - Струга, с.Франгово - Струга, с. Горно Косоврасти - Дебар, с.Калиште - Гостивар, се целосно изведени но истите не се дадени во употреба;
- Амбулантите во с.Мерово - Тетово, с.Шутово - Кичево, се во фаза на изведени објекти но не приклучени на водоводна и канализациона мрежа;
- Амбулантите во с.Црн Врв - Скопје, с.Катланово - Скопје, с. Лески - Виница, с.Калуѓерица - Радовиш, с.Манастирец - Македонски брод, с.Локвица - Македонски Брод и с.Мало Коњаре - Прилеп, се во фаза на карабина со монтирана надворешна и внатрешна столарија;
- и покрај тоа што претходно наведените амбуланти се изградени или се во фаза на карабина, не е добиен акт одобрение за градење за пет (5) изградени амбуланти и за еден објект кој е во крабина;

До денот на известувањето од извршената ревизија ниту една амбуланта не е ставена во употреба, не е извршено нивно опремување и не е ставена во функција за намените кои се предвидени, што не е во согласност со одредбите на точка 3 од Нацрт - Записникот од седницата на Владата на Република Македонија кој утврдува дека „подготовките за изградба на амбулантите да почнат веднаш, а изградбата да почне во февруари и да заврши до јуни 2009 година“. Градењето на објекти без обезбедување на акт одобрение за градење не е во согласност со одредбите на Законот за градење. Утврдената состојби влијае

на забавување на целите утврдени со развојните програми, неможност од давање здравствени услуги во истите и ризик и последици од нанесување штета на министерството.

**Препорака**

Раководителот на субјектот да ги задолжи одговорните лица за обезбедување на потребните одобренија за градење, се изврши нивно опремување и ставање во употреба за намената за која се предвидени.

**Изградба на дијагностички центар при клиничка болница Тетово**

Во текот на 2004 година изработена е проектна документација за Дијагностички центар при ЈЗУ Клиничка болница Тетово, на кој извршена е ревизија и дадени се препораки за отстранување на констатираните недостатоци. Дадените препораки не се прифатени и не се имплементирани во проектната документација и за истиот се обезбедени потребните одобренија за градење (Овие документи не се ставени на располагање на ревизијата). Ваквата проектна документација претставува основа за отпочнување на постапката за доделување на договор за набавка на работи и изведување на работите во понатамошните фази. Со ревизијата на активностите превземени во рамките на оваа развојна програма ревизијата ги утврди следните состојби:

- на ден 12.06.2009 година донесена е Одлука за утврдување на потреба од јавна набавка - изградба на објект за дијагностички центар за потребите на ЈЗУ клиничка болница – Тетово, а огласот за доделување на договор за јавна набавка е доставен/објавен на веб страната на Бирото за јавни набавки на 16.06.2009 година. Извршено отпочнување на постапката за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка, без да се добие одобрение од Владата на РМ (одобрението е донесено од Влада на 23.06.2009 година). Утврдената состојба не е во согласност со одредбите на член 26-а од Законот за јавни набавки кој уредува дека постапката за доделување на повеќегодишен договор за јавна набавка започнува врз основа на одобрение кое го издава Владата;
- на ден 11.08.2009 година склучен е договор за градење каде е уредено дека рокот за изведување на работите изнесува 12 месеци од денот кога надзорниот орган на набавувачот во градежниот дневник ќе констатира дека носителот на набавката е воведен во работата на 12.08.2009 година, што

укажува дека објектот заклучно со август 2010 година треба да биде изграден;

- со извршеното физичко набљудување на наведениот објект, извршеното интервју со одговорните лица на изведувачот и определеното лице за надзор, се констатирани поголем број на отстапувања и неправилности во фазата на изведување, и тоа:
- несоодветен предмер на работите; фазата на архитектура е изработена на ниво на идеен проект со недостатоци, неисправно техничко решение за кровот; фазата статика е комплетно преработена од страна на изведувачот; фазата електрика е изработена на ниво на идеен проект со недефинирани потрошувачи и воопшто не третирана опрема во одделенијата на центарот за што е изработен дополнително проект од страна на изведувачот; проектот за машинските инсталации е изработен на ниво на идеен проект со не третирани медицински гасови, вентилации во операциони сали и простории со специфична опрема, погрешно лоцирани простории за чилери и пооделни опреми, резервоар за нафта, перални и приоди за монтажа на опрема; со проектот за водовод и канализација погрешно е предвиден прилучокот на градската канализациона мрежа во однос на излезните коти од објектот што предизвикува проблеми и потреби за ново техничко решение за изведба на приклучоците.
- не е дефинирана специфичната опрема за операционите сали, рентген простории и останатите специјални простории, што е во директна корелација со местоположбата на инсталациите на кои треба да бидат приклучени и за кои не е изработен проект;
- утврдени се отстапувања во делот на утврдените работи за градење со договорот, за што од страна на изведувачот до Министерството за здравство на ден 31.05.2010 година, е доставено известување и доставување на предмер пресметка за дополнителни и непредвидени работи, а не се одобрени од надзорниот орган во износ од 48.082 илјади денари што претставува 27,55% разлика од договорената вредност на целокупните градежни работи. За истите дополнителни работи на ден 26.06.2010 година во Министерството за здравство доставена е понуда - пресметка за дополнителни работи чија вкупна вредност изнесува 47. 331 илјади денари што претставува 27,12 % од вкупно договорените работи. На ревизијата не и се презентирани документи за причините за разликите во овие две пресметки;

- до денот на известување за извршената ревизија не е склучен Анекс договор;

Утврдените состојби не се во согласност со одредбите на Законот за градење и Законот за јавните набавки во кои се уредени начините на обезбедување на уредна и веродостојна документација за градење и начинот на постапување во делот на доделување на договорите за јавни набавки и уредување на дополнителните работи. Утврдената состојба може да има за ефект изградба на несоодветен простор, односно простор кој нема да ги одразува реалните потреби, неможност за остварување на зацртаните цели со развојната програма (давање на здравствени услуги) и дополнителни обврски на министерството.

За надминување на утврдените состојби Министерот за здравство упатил известување до изведувачот и надзорниот орган за изведување на градежните работи во рамките на дефинираните работи и придржување кон утврдените обврски за надзор.

На ревизијата и е презентирано:

- известување упатено од Министерот за здравство до изведувачот на градежните работи „Мавровоинженеринг“ да прекине со изведување на секаков вид на градежни и градежно - занаетчиски работи се до моментот додека не се дефинираат дополнителните и непредвидените работи;
- одлука за утврдување на потреба за јавна набавка за измена и дополнување на постојната изработена техничка документација - основен проект за изградба на објект за дијагностички центар за потребите на ЈЗУ Клиничка болница - Тетово.

## 5. Ревизорско мислење

### Вкупни ефекти од наодите

Вкупен ефект од изнесените наоди во точките 4.2.1.; 4.2.3.; 4.3.1.; 4.3.2.; 4.3.3. и 4.3.4. е: несигурност во потврдувањето на расходите на име плати; несигурност во потврдувањето на дел од расходите по поодделните програми од областа на превенција и куративна здравствена заштита во Билансот на приходи и расходи; помалку искажани залихи и извори на средствата во износ од 465.119 илјади денари; помалку искажани активни временски разграничувања и обврски во износ од 778.917 илјади денари во Билансот на состојба.

**Мислење - за финансиски извештаи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките од 4.2.1.; 4.2.3.; 4.2.4.; 4.3.1.; до 4.3.4. финансиските извештаи не ги прикажуваат вистинито и објективно, во сите материјални аспекти, финансиската состојба на Министерството за здравство Скопје на ден 31 декември 2009 година и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

**Мислење - за усогласеност со закони и прописи**

Според наше мислење, поради значењето на прашањата изнесени во точките од 4.2.1. до 4.4.2., активностите, финансиските трансакции и информации, рефлектирани во финансиските извештаи на Министерството за здравство Скопје не се во согласност со релевантната законска регулатива, упатства и воспоставени политики.

## 6. Системски слабости

Согласно одредбите на член 39 од Уставот на Република Македонија и член 32 од Законот за здравствената заштита загарантирано е правото на здравствена заштита и пропишани се мерките и активностите во делот на здравствената заштита. Во постапките на планирање, усогласување и донесување на поделните програми од страна на надлежното министерство и надлежниот орган (Владата на Република Македонија) се планираат/утврдуваат средства кои не ги одразуваат реалните потреби односно не се доволни за подмирување на трошоците направени за спроведување на потребните активности и давање на загарантираните здравствени услуги. Оваа состојба влијае во Министерството за здравство да се акумулираат непријавени обврски извршени согласно законот и програмите, а од друга страна ЈЗУ континуирано не можат да извршат наплата на извршените здравствени услуги. Раководителот на субјектот во соработка со надлежните органи да ја оцени потребата од преиспитување на постојниот систем на здравствена заштита и одобрување и утврдување на средствата во поделните програми во износи кои се еднакви на потребните за обезбедување на загарантираните права на здравствена заштита.

## 7. Нагласување на прашања за неизвесност или континуитет

7.1. Во текот на 2009 година во рамките на превземените мерки за надминување на евентуална појава на пандемиска инфлуенца А Х1Н1 и обезбедување на вакцини против Хумана Папилома Вирус (ХПВ), министерството за здравство има набавено вакцини и лекови чија потрошувачка не е во рамките на очекувањата, односно поголем број од наведените количини се на залиха. Имајќи во предвид дека вредноста на вакцините и лекот против

евентуалната пандемија изнесуваат 117.558 илјади денари (79.864 илјади денари кај веледрогериите и 37.694 илјади денари кај ЈЗУ) и вакцини против ХПВ во износ од 214.723 илјади денари (117.697 илјади денари кај веледрогериите и 96.929 илјади денари кај ЈЗУ) од една страна и нивниот различен рок на употреба од друга страна, Министерството и надлежните органи потребно е да ги превземат мерките во насока на:

- осознавање на можноста на користење на набавените вакцини и лекови против пандемиска инфлуенца, во кое пресудно значење би требало да имаат насоките од СЗО и искуствата стекнати во досегашниот период за лечење против наведениот грип и
- зголемување на промотивните кампањи и отстранување на недовербата во ефикасноста и корисноста на набавените вакцини против ХПВ;

7.2. На 24.09.2009 година раководителот на субјектот почитувајќи ги препораките на СЗО донесува одлука за набавка на вакцини за заштита од појава на пандемиска инфлуенца **A/H1 N1**, во количина од 800.000 вакцини чија проценета вредност изнесува 492.450 илјади денари. Потребните средства согласно извадокот од Нацрт-записникот од Сто и петтата седница на Владата на Република Македонија, одржана на 22.09.2009 година е уредено да се обезбедат од Буџетот на Република Македонија за 2009 и 2010 година. Следењето на состојбата и проценувањето на потребите од овој вид на вакцина од страна на надлежната комисија (комисија за пандемиски грип), министерството и надлежните органи, Владата на Република Македонија на Сто дваесет и втората седница одржана на 24.11.2009 година заклучува наместо претходно утврдените 800.000 вакцини да се изврши набавка само на 20.000 вакцини. Со ваквиот позитивен и навремен пристап извршена е заштеда на средства во износ од 483.887 илјади денари, односно 7.911.278 еур.

Скопје, 22.10.2010 година

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2009 година**

| | | |
|---|---|---|
| | | **во 000 денари** |
| **Опис на позицијата** | **2009** | **2008** |
| **Приходи** | | |
| Трансфери и донации | 1,056,807 | 1,070,787 |
| **Вкупно приходи** | **1,056,807** | **1,070,787** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надоместоци | 110,101 | 94,763 |
| Резерви и недефинирани расходи | 180,638 | 60 |
| Стоки и услуги | 560,026 | 535,803 |
| Субвенции и трансфери | 6,378 | 11,243 |
| **Вкупно тековни расходи** | **857,143** | **744,907** |
| **Капитални расходи** | | |
| Капитални расходи | 199,664 | 325,880 |
| **Вкупно капитални расходи** | **199,664** | **325,880** |
| **Вкупно расходи** | **1,056,807** | **1,070,787** |

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ**

во 000 денари

| Опис на позицијата | 2009 | 2008 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Активни временски разграничувања | 570,031 | 8,572 |
| Аванси за капитални средства | 43,220 | 43,220 |
| **Вкупно тековни средства** | **613,251** | **51,792** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални средства | 65,642 | 51,580 |
| Материјални средства во подготовка | 333,326 | 70,084 |
| **Вкупно постојани средства** | **398,968** | **121,664** |
| **Вкупна актива** | **1,012,219** | **173,456** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 560,732 | - |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 9,300 | 8,572 |
| Пасивни временски разграничувања | 376,546 | 113,304 |
| **Вкупно тековни обврски** | **946,578** | **121,876** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 65,641 | 51,580 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **65,641** | **51,580** |
| **Вкупна пасива** | **1,012,219** | **173,456** |

## ПРЕГЛЕД НА ПРОМЕНИ НА ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА И РЕВАЛОРИЗАЦИОНА РЕЗЕРВА ВО 2009 ГОДИНА

| Ред. Бр. | О П И С | Државен јавен капитал | ВКУПНО ИЗВОРИ НА ДЕЛОВНИ СРЕДСТВА И РЕВАЛ.РЕЗЕРВА |
|---|---|---|---|
| | 1 | 2 | 3 |
| | **Состојба и промени на капиталот и резервите** | | |
| I | **Состојба на ден 01 јануари 2009** | **51,580** | **51,580** |
| | **Зголемувања:** | **27,195** | **27,195** |
| | Набавка на постојани средства | 27,195 | 27,195 |
| | | | |
| | **Намалувања:** | **13,134** | **13,134** |
| | Амортизација на постојани средства | 13,134 | 13,134 |
| II | **Состојба на ден 31. декември 2009** | **65,641** | **65,641** |

Република Македонија
Министерство за здравство

До:

ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
СКОПЈЕ

Бр. 11-7864/1
28.09.2010 година
Скопје

Министерство за здравство

50-та Дивизија б.б,
1000 Скопје,
Република Македонија
Тел. (02) 3112 500
Сајт: www.moh.gov.mk

**Предмет:** Доставување на забелешки на Нацрт извештаите

**Врска:** Ваш допис Бр.11-186/15 од 01.09.2010 година

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
30.09.2010
11 186/16

**Почитувани,**

Во врска со доставените Нацрт извештаи за извршената ревизија на финансиските извештаи за 2009 година на Министерството за здравство за сметката на основниот буџет (637, 631), сметка на буџет од самофинансирачки активности (787) и сметка на буџет на донации (785) Министерството за здравство во законски предвидениот рок Ви ги доставува следните забелешки:

**I. Во Нацрт ревизискиот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 година 2010 02 08/1 на Министерството за здравство за сметката на основниот буџет (637)**

**1. Забелешки:**

Во **точка 4.2.1** ревизијата констатирала дека во Министерството за здравство постои неможност за водење на контрола на присутност на работа и можност исплатената плата да не биде одраз на реално искористеното работно време.

Министерството за здравство согласно законската обврска има воведено електронско евидентирање за редовност на вработените, односно евидентирање на доаѓање и заминување од работа. Податоците електронски се запишуваат за секој вработен поединечно и се доставуваат до службата за сметководство.

Службата за сметководство изготвува листи со оправдани или неоправдани отсуства од работа за секој вработен (ги контролира нерегистрираните денови со патни налози, годишни одмори, боледувања, дозволи од раководители).

Со решение на Министерот за здравство е формирана Комисија за контрола на редовноста на работа која има задача по потреба да ги провери податоците и да разрешува случаи до колку вработениот не се согласува со евиденцијата во службата за сметководство. Врз основа на насоките на Државниот секретар, раководителите на сектори и органите во состав на Министерството за здравство водат евиденција за присуство и отсуство од работа како дополнителна контрола во случај ако настанат проблеми со електронскиот ситем за евидентирање (Прилог1, примерок од список за дополнително водење на евиденција за редовност на работно место на вработените). Воедно во Министерството за здравство изработен

е и Предлог-правилник за евиденција на времето на доаѓање, присутност и одење од работа кој е во фаза на негово донесување (Прилог 2).

Во **точка 4.2.2** , алинеја 3 каде се нотирани забелешки дека не се изготвени решенија за платата на државните службеници во министерството, Ве известуваме дека поради честите промени на законската регулатива од една страна и големиот број на организациони единици, органи во состав и бројот на вработените друга страна преставуваат основни причини за неможноста од благовремено донесување на интерните акти кои се основа за донесување на потребните решенија. Воедно Ве известуваме дека со допис број 07-7249/1,2 од 07.09.2010 година се доставени до Агенцијата за државни службници Правилникот на систематизацијата на работните места во Министерство за здравство и Правилникот за внатрешна организација на Министерство за здравство. По одобрувањето на овие акти од страна на Агецијата за државни службеници, ќе се изготват решенија/договори за утврување на меѓусебните права и обврски на вработените и сите потребни акти. (Прилог 3, допис барање согласност од Агенцијата за државни службеници

Во алинеја 5 каде е нотирано дека не е извршено враќање на работните книшки, Ве известуваме дека постапката за враќање на работните книшки е започната од месец септември 2008 година и истата е во завршна фаза на реализација ( Прилог4, примерок од реверси). Доставена е и ургенција од секторот за човечки ресурси до сите вработени кои не ги подигнале работните книшки веднаш да го направат истото. ( Прилог 5, допис ургенција)

Во делот за **планирање и извршување на програмите**, за Програмата за здравствена заштита на мајките и децата, Програмата за систематски прегледи на ученици и студенти во Република Македонија за 2009 година, Програмата за бруцелоза, Програмата за унапредување на крводарителството, Програмата за лекување на ретки болести и Програмата за здравствена заштита на одредени групи на население и одделни заболувања на граѓани кои не се здравствено осигурани за 2009, во **точка 4.2.4** во првата алинеја се укажува на недоволно обезбедени средства за задоволување на правата од здравствена заштита на граѓаните во делот на загаранитраните права и утврдените потреби и интереси на општеството. Сметаме дека оваа забелешка не е оддржлива со оглед дека секоја година Министерство за здравство планира поголем износ на средства во зависност од оценките за вистинските потребни средства. Меѓутоа, во фазата на усогласување со Министерство за финансии согласно можностите на буџетот секогаш се врши намалување на потребните средства во рамките на буџетските можности, односно утврдената состојба е резултат на недоволно обезбедените средства од друг надлежен орган кој врши планирање на вкупните средства во Буџетот на Република Македонија.

Во третата алинеја се укажува на потребата од евидентирање и пренесување на обврските од претходната во тековната година што е прифатено и спроведено во 2010 година.

Во алинејата четири се укажува на тоа дека не се врши редовно измени и дополнување на програмите согласно извршениот Ребаланс на Буџетот на Република Македонија за тековната година. Сметаме дека во текот на 2009 година извршени се сите измени и дополнување на Програмата, освен измените и дополнувањата кои се извршија во месец Ноември, со оглед дека истите измени не беа реализирани во тековната 2009 година туку во наредната 2010 година. Тие измени и дополнувања на Програмата беа предложени за реализација на средствата за лекување на ретки болести кои не беа реализирани во 2009 година и немаше потреба да

се вршат измени и дополнувања на програмите, туку истите беа исплатени во 2010 година кога и беа извршени измени и дополнувања на Програмите. Инаку сите други измени и дополнувања на програмите се извршени и објавени во (Службен весник на Република Македонија бр.45/09, 80/09,150/09 и 151/09)

Во алинеја пет се укажува на потребата од склучувањето на договорите со јавните здравствени установи согласно мерките и активностите утврдени во програмите. Сметаме дека оваа примедба не е во ред со оглед дека во Програмите се утврдени критериумите и мерилата за реализација согласно член 32 од Законот за здравствена заштита и истите се основа за фактурирани за извршените здравствени услуги.

Согласано Законот за здравствена заштита, ЈЗУ вршат здравствена дејност за населението на РМ и притоа се згрижува целото население кое има потреба од здравствена услуга. Во спротивно, може да дојде до загрозување по здравјето и животот на населението.
Притоа нагласуваме, дека се работи за Програми во кои се предвидува лечење и не постои начин да се утврди точната бројка на потребни здравствени услуги, односно бројот на болни лица на кои ќе им треба здравствена услуга. Меѓутоа се преземаат мерки и активности за апроксимативно планирање на одобрените средства за програмите за здравствена заштита, нивно сразмерно распределување по јавни здравствени установи врз основа на претходно направени анализи и историски податоци од страна на стручните служби во министерството задолжени за програмите за здравствена заштита. За утврдените планирани износи по програмите ќе бидат известени јавните здравствени установи за да пристапат кон пореално планирање на средтвата во нивниот буџет што ги добиваат од Министерството за здравство. За начинот на нивното извршување има подготвено Упатство за процедури и постапки на планирање, подготвување, реализација на програмите како и пиостапки за реализација на финансиските средства на извршителите на активностите од програмите финансисрани од Буџетото на Република Македонија. Упатството ви го доставуваме во прилог на дописот.

Во алинеја 6 се укажува на фактот дека цените на фактурираните здравствени услуги во еден дел не ја одразуваат реалната цена на чинењето на здравствените услуги. Сметаме дека овие забелешки не се во согласност со системот на плаќање на здравствени услуги кои согласно единствениот ценовник на здравствени услуги ги има околу 5500. Според тоа цената што е внесена во прегледот за финансирање на поединечните здравствени услуги е пресметковна за да се добие вкупниот износ на средства за планираниот вид и обем на здравствени услуги, а никако како единствена цена според која треба да се фактурираат здравствените услуги со оглед дека лекување на секој пациент има посебна цена зависно од содржината на услугата.

Во алинеја 7 по однос на куративните програми, извршено е евидентирање на сите фактури за 2009 година доставени од страна на ЈЗУ и истите листи се доставени до Државниот ревизор.

Во алинејата девет се наведува дека не се изготвуваат извештаи на мерките и активностите предвидени со програмите што сметаме дека не е точно со оглед дека кон секоја фактура постои извештај на реализираните мерки и активности. Оваа забелешка евентуално би важела за годишните извештаи кои исто така се доставуваат но како прилог па истиот не се заведува туку се заведува пропратното писмо, односно фактурата.

**Програма за заштита на населението од ХИВ/СИДА за 2009 година**

Во тек на 2009 година извршени се 3 измени на Програмата и за сите 3 измени се доставени до Влада на Република македонија текстови за измена согласно финансиските средства.

За третата измена во висина од 1.600.000,00 денар, за која се наведува дека Владата не е известена, информираме дека Владата е информирана и текст на програмата со измена од 1.600.000,00 денари е доставен до Владата на РМ на 30.11.2009 година под број 08-9934/1 како и доставено извршување на Програмата од Влада на РМ под број 19-6192/1 од 15.12.2009 година .
Во оваа програма нема донации и сумата која ја наведувате од 116.197 милиони денари не е во рамките на оваа Програма
Необработените фактури за оваа програма се пристигнати подоцна откако беа доставени во Министерството за финансии побарувањата за оваа програма (крај на декември, почеток на јануари 2010 година).

**Програма за здравствена заштита на лица со болести на зависности во Република Македонија**

Во алинеја 1 по овој наод е постапено по насоките на Државниот ревизор, иако истите промени се направени заради намалување на средствата од Буџетот на Републиката, а бројот на корисниците не се намалува, туку е во постојан пораст.

Во алинеја 2, Метадонот е фактуриран само од страна на Психијатриска болница Скопје, а не и во останатите ЈЗУ (како што е наведено во Извештајот), заради фактот што е променет начинот на финансирање на Здравствените установи од страна на ФЗОМ. Дотогашните корисници на метадон (320 лица беа опфатени со договорот од 2008 година за финансирање на услуги помеѓу Психијатриска болница Скопје и ФЗОМ) повеке не се на товар на ФЗОМ. Во првите месеци се фактурираат во МЗ, која состојба е променета во текот на годината.
Инаку, поради немањето на доволно средства за реализација на Програмата, во истата е предвидено набавка на метадон само за 700 лица, а реално потребно е за минимум 2000 кои се на третман. Во Македонија постојат листи на чекање.
Во фактурите на останатите јавни здравствени установи, во кои постојат Центри за лекување на зависности нема фактурирано метадон.

Во алинеја 3 набавката на метадон за корисниците се врши во Министерството за здравство, со оглед на тоа што услугите на лекување, односно рехабилитација од болести на зависности над 30 дена не се опфатени со Законот за здравствено осигурување (член 10, став 1 точка 18), а лекувањето на овие пациенти преставува неопходност од социјално-општествено значење, а не само од здравствен карактер.
Со оглед на тоа дека Програмата се донесува во почеток на годината, не може да се предвиди цената на метадонот на јавната набавка.
За да се отвори постапка за јавна навака на метадон, најпрвин е потребно да се донесе Програмата во која се предвидуваат и средства за набавка на метадон.
Во планирањето на потребните средства за следната година Министерството за здравство ја зема добиената цена по мг. за метадон од претходната година и ја пресметува за потребните количини согласно моменталниот број на пациенти на метадонска терапија.

Со оглед на тоа што може да се добие на тендерот повисока/по-ниска цена за метадонот, пренамените се неопходни. Истите се направени со согласност од Министерството за финансии, согласно член 33 од Законот за Буџетите („Службен весник на Република Македонија" бр. 64/05, 4/08, 103/08).

Во алинеја 4, залихите на метадонот не се водат по Биланс на состојба, но Министерството ке го воведе и тој начин на водење на евиденција на метадонот.

Во алинеја 5 заради потребата од обработка на податоците, Министерството доставува формулар до ЈЗУ за реализирани мерки и активности, кој установата ги доставува годишно. Истите се презентирани до ревизијата.

**Програма за унапредување на крводарителството во РМ за 2009 година**

За реализација на мерките и активности предвидени на оваа Програма извршени се исплати само за активностите на Црвениот крст на Република Македонија, Републичкиот завод за трансфузиологија и Институтот на епидемиологија, за кои исплати редовно во прилог на фактурите има извештаи кои не се заведуваат туку се заведува само фактурата. Не се извршени исплати за партиципација на крводарителите за над 10 пати крводарувања, со оглед дека со Ребалансот на буџетот за 2009 година оваа позиција беше целосно избришана.

**Програма за здравствена заштита на болни кои се третираат со дијализа**

Во алинеја 1, билатералната соработка во областа на здравството и медицината со Република Албанија врз основа на склучената спогодба (по иницијатива на Република Македонија) не се операционализираше преку предвидените планови на активности што требаше да бидат подготвени од страна на заедничките тимови на двете држави од причина што Република Албанија, наместо подготовка на Акциони планови, најави иницијатива за потпишување на нова спогодба за соработка.

Со оглед на тоа што се работи за политика во соработката, во ваков случај Република Македонија го очекува формализирањето на оваа иницијатива.

Во алинеја 2 во наведениот дел - точка 4 Шеќерна болест - *цитат „предвидени се средства во износ од 14.923 илјади денари во кои е вклучена набавката на инсулин"* не претставуваат средства за набавка на инсулин, туку со оваа Програма се обезбедуваат средства за неосигурените лица, средства за потрошен материјал за пациентите кои се на инсулинска пумпа и партиципација за осигурените лица.
Инсулинот се фактурираше до Министерството од страна на ЈЗУ само за неосигурени пациенти, се до промена на Законот за здравствено осигурување во јуни 2009 година, после кој нема неосигурани лица и не се предвидуваат средства за инсулин.

Во однос на Сугестијата за групна набавка на инсулин, во Програмата за 2009 година не е предвидена како програмска активност и не постои начин да биде спроведена.
Во Измените на Програмата за 2010 година и Ребалансот на Буџетот во јуни, истата е прифатена и обезбедени се средства во висина од 60 милиони денари за набавка на инсулин за последното тромесечие за 2010.
( Прилог 6 копија од Ребаланс на Буџет јуни 2009 година)

Истовремено, за 2011 година се предвидува Секторот да започне со спроведување на нова Програма – Програма за обезбедување на инсулин за инсулино-зависните пациенти во Република Македонија за 2011 година, за која е потребно да се обезбедат средства за кои досега не биле предвидени во Буџетот.

**Програма за здравствена заштита на лица со душевни растројства**

Во алинеја 1 по овој наод е веќе постапено по насоките на Државниот ревизор, иако истите промени се направени заради намалување на средствата од Буџетот на Републиката, а бројот на пациентите на кои им е потребно психијатриско лекување-помош, не се намалува, туку е во постојан пораст. Лековите се дел од третманот на лекување на пациентите и истите се најнеопходниот дел во лекувањето.

**Програма за систематски прегледи на ученици и стутенти во РМ за 2009 година**

Во оваа Програма не се предвидени проектни активности на средства од донации па според тоа нема основа спомснатиот износ од 1.538.000,00 денари да се внесува во истата.

**Програма за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Македонија за 2009 година**

По однос на оваа Програма информираме дека е направена измена на финансиските средства од 15.500.000,00 денари на 12.500.000,00 денари со допис до Владата на РМ од 18.08.2009 година и број 08-6236/6
По однос на донации во висина од 56.645. илјади денари , не се предмет на оваа Програма и оваа програма не содржи донации.

**Програма за превентивна здртвствена заштита во Република Македонија за 2009 година**

За оваа Програма со одобрени средства од 90.000.000,00 денари извршени се неколку пренамени и известена е Владата на РМ тоа:
За 5000.000,00 денари од ставка во ставка на ден 09.04.2009 година под број 08-2228/3
Намалена на висина од 81.500.000 денари со допис број 08-4522/2 од 18.06.2009 година (заклучок на Влада да се намали на висина од 76.500.000,00 денари) и повторно во исто време доставена до Влада на висина од 76.500.000,00 денари, добиено од Влада извршување на Програмата во висина од 76.500.000,00 денари ден 23.06.2009 година под број 19-2747/1.

**Програма за лекување на ретки болести во РМ за 2009 година**

Коментарот за реализирација на планираните средства во оваа Програма не е соотведен со оглед дека вкупниот износ на средства овозможува лекување на три деца чие лекување е многу скапо и нема финансиски средства за лекување на другите дијагнози внесени во Програмата, што зависи од расположивите средства планирани во Буџетот на Република Македонија. Набавката на лекот за лекување на трите деца исклучиво се врши од еден производител по пат на непосредна спогодба со оглед дека Министерство за здравство располага со документ дека тој е единствениот производител на овој лек во светот. Приемот на лекот се врши во Клиника за детски болести каде што се аплицира истиот, а

Клиниката за детски болести доставува известување за приемот и извршените апликации на лекот на трите деца.

**Програма за рано откривање и спречување на болестите на репродуктивните органи кај жената во Република македонија за 2009 година**

Програмата намалена од 8.500.00,00 денари на 7.500.000,00 денари. Побарано измена до Влада на РМ на 22.07.2009 година под број 08-5094/5 Втората измена и покачување од сопствени средства на висина од 10.935.000.00 денари , побарани мислење до законодавство и финансии ма 14.08.2009 година. По сугестија на Министерство за финансии дека набрзо ќе биде ребалансот на буџетот , да ја повлечеме измената и да се усогласи со усвојување на вториот ребаланс.
Побарано повлекување на дописот до Министерство за финансии за измената на програмата на ден 26.08.2009 година под број 08-6790/3.

За последните измени беше сугерирано од Министерството за финансии дека нема потреба да се бараат измени на Програмите со оглед на фактот дека ребалансот на буџетот е за 10 дена (месец октомври) и дека со предлогот од Министерството за здравство за потребните финансиски средства за сите ставки од МЗ и доставени до Влада и усвоени со ребалансот, ќе значи и усвојување на измените на програмите.

**Програма за задолжителна имунизација на населението во Република Македонија за 2009 година**

Одобрени од Влада 245.000.000,00 денари намалени со ребаланс на буџетот на 170.000.000,00 денари. Не е направена измена на Програмата поради фактот што не постоеше можност да се скрати на ниту една ставка на ниту една вакцина (сите вакцини се подеднакво битни за децата , а тендери за јавна набавка беа веќе рспишани ).

По однос на забелешките од Програмите, Министерството за здравство донесе **Упатство за процедури и постапки на планирање, подготвување, реализација на програмите како и постапки за реализирање на финансиските средства на извршителите на активностите од Програмите финансирани од Буџетот на Република Македонија .**(Прилог 7)

**Програма за рано откривање, дијагностицирање и лекување на ракот на дојката за 2009 година.**

Во алинеја 1 во врска со делот за промотивни и едукативни активности каде забелешката на Овластениот државен ревизор е дека " извршена е распределба на средства на НВО имплементаторите на активноститите во износ од 400.000,00 мкд, без истите да доставаат проекти за реализација на активностите и нивно прифаќање од страна на Министерството за здравство", Ве известуваме дека средствата кои беа предвидени за промотивни и едукативни активности а чии реализатори се НВО, изнесуваа 500.000,00 денари.

**Овие средства не се исплатени на НВО од сметката на Министерството за здравство.**

Од нив за реализација на активности а по потпишан меморандум за соработка со беа префрлени 100.000,00 мкд на Македонско женско лоби. Останатите две здруженија на граѓани "Борка" и "Животна искра" кои активно учествуваа во кампањата за подигање на свеста кај жените за превентивни прегледи на дојката доставија во месец декември годишен извештај за активностите во прилог на побарувањата кон Министерството за здравство.
Од овие побарувања беа признаени како реални 60% односно НВО "Животна искра 120.000,00 мкд и НВО "Борка" 280.000,00 мкд.
Знаејќи дека првпат за оваа Програма се одделуваат средства за НВО, Министерството за здравсто заедно со претставаници од трите НВО кои се вклучени во активностите за наведената кампања на состанок во Просториите на Собранието на РМ кој беше организиран од страна на Македонско женско лоби и кој се одржа во месец **март 2009 година** одлучија дека не е возможна за оваа деликатна активност предвреме да се поднесуваат предлог проекти до Министерството за здравство кои отпосле ќе бидат одобрувани. Затоа беше договорено да се потпише Меморандум за соработка со трите наведени НВО за наредната 2010 година, а за тековната 2009година побарувањата од страна на НВО да бидат доставени заедно со активностите кои се завршени во прилог.

Во алинеја 2 во врска со забелешката дека "извршена е распределба на предвидени средства на јавните здравствени установи во износ од 2.276.000,00 мкд без притоа да се почитува утврдениот критериум од 320 денари по извршен преглед, односно распределбата е извршена по соодвететен процент од извршени прегледи"
во средствата на Програмата се истакнати и активностите, и потребите, прикажани во табелата:

| *Вид на активност* | *Извршители* | *Вкупно* |
|---|---|---|
| ***Промотивни и едукативни активности*** | **НВО** | **500.000,00 ден** |
| ***Набавка на потрошен материјал за мамографски и ехо прегледи*** | **Министерство за здравство** | **6.324.040,00 ден** |
| ***Други услуги во тек на прегледот*** | **ЈЗУ кои ја реализираат Програмата** | **1.000.000,00 ден** |
| ***Набавка на потрошен материјал за мамографски и ехо прегледи по спроведена јавна набавка во 2008 година.*** | **ЈЗУ Здравствен дом "Скопје" Скопје** | **1.175.960,00 ден** |

потрошниот материјал за мамографски и ехо преглед (РТГ филмови, фиксир и концентрат, принтер хартија за ехо, ехо гел, хартија за бришење раце, ракавици за раце, хартија за принтање) го набавува Министерството за здравсто. …… со 6.324.000,00 мкд.
**Значи, целокупниот материјал за прегледот го набавува Министерството за здравство а цената од 320 денари не се фактурира туку е дадена како приближен трошок за еден целосен преглед.**
Други услуги во тек на прегледот (овде се мисли на сите други услуги кои реално се прават во тек на прегледот а кои секако не потпаѓаат под

потрошен материјал) …… со 1.000.000,00 мкд (струја, вода, греење, кадар...)
Набавка на потрошен материјал за мамографски и ехо прегледи по спроведена јавна набавка во 2008 година ….. 1.175.960,00 мкд. За оваа ставка извршител е ЈЗУ ЗД Скопје од причина што во 2008 година набавувач на потрошен материјал за овие прегледи назначен беше ЈЗУ ЗД Скопје. Министерството за здравство интенционо даде наредба до ЈЗУ ЗД Скопје да се набави поголема количина на потрошен материјал за 2008 година со цел да нема застој на Програмата во првиот триместар од 2009 година се додека не се реализира набавката од Програмата за 2009 година. Со ова зголемување Министерството за здравство остана должно на ЈЗУ ЗД Скопје со 1.176.000,00 мкд и од тие причини како и фактот што тие средства се трошеа на почетокот од 2009 година оваа ставка беше ставена во Програмата за 2009 година.

Вкупниот збир на втората и третата ставка изнесува **2.175.960,00** и напоменуваме дека **овие средства не се исплатени на јавно здравствените установи од сметката на Министерството за здравство.**

### Програма за одредени групи на население и одделни заболувања на граѓани кои не се здравствени осигурани за 2009 година

За реализацијата и мерките и активностите на оваа Програма има изготвено унифициран образец на фактура која е објавена на веб станицата на Министерство за здравство . Во образецот внесени се позициите кои се превземени од Програмата за финансирање на планираните активности каде се планирани средствата но само пресметковно за да се добие вкупниот износ поединечно по позициите а не и како цена на чинењето на здравствените услуги. Според тоа сметаме дека во здравството каде има 5500 цени на здравствени услуги не може истите да се внесат во програмата. Што се однесува за делот на здравствената заштита на родилките на сите фактури се користи исклучиво процентот 10% од бројот на извршените вкупни породувања каде како прилог кон секоја фактура има извештај заверен од здравствената установа. Медицинска документацијата останува во здравствена установа и само при контролата може да се изврши увид во истата и дневникот, односно историјата на лекување на пациентот.

Медицинска документација не се доставува како прилог на фактурата заради обемноста и заради тајноста на податоци. Посебно се напоменува дека сите средства од Програмата се наменети за здравствените установи и истите се реализирани без никакви можности за ненаменско и незаконско користење на средствата како што е наведено во извештајот.

Во извештајот има многу општи забелешки и препораки кои не се во функција на остварувања на правата на здравствената заштита на осигурениците и што е најважно вкупните средства се реализирани за здравствена заштита на осигурениците во функцијата на подобрување на нивото и стандарот на здравствена заштита што е во согласност со планираните мерки и активности во Програмата и член 32 од Законот за здравствена заштита.

### Програма здравје за сите и континуирана медицинска едукација во Република Македонија за 2009 година

Направена е една измена за намалување на Програмата од 10.000.000,00 денари на 6.565.000,00 денари и доставена до Владфа на РМ

на 23.12.2009 година, под број 08-10508/2. Од Влада на РМ е побрано да ја повлечеме измената на програмата со оглед на фактот што е завршена годината и поднесено е барање до Влада на РМ на 08.01.2010 под број 79/1 за повлекување на измената на Програмата

**По однос на забелешките во делот 4.3 финансиски извештаи, Ситен инвентар на залиха и Материјали за залиха, Министерството за здравство ги превзеде следните активности**

- Донесено е Упатство за политики и процедури за начинот на прием, издавање, водење евиденција и вршење попис на вакцини и друг медицински материјал во Министерство за здравство како и во Јавни Здравствени Установи и други Здравствени Установи кои вршат здравствена дејност во услови кога овие средства се сопственост на Министерство за здравство – и истото е доставено до сите здравствени установи. ( Прилог 8)
- Врз основа на доставени извештааи дефинирани се количините на вакцини со поминат рок и доставен допис до Бирото за лекови за уништување на истите (Прилог 9).

**II. Во Нацрт ревизискиот извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 година 2010 02 08/2 на Министерството за здравство за сметката на основниот буџет (631)**

1. **Забелешки:**

**1.Усогласеност со законски прописи**

Во **точка 1.1** констатирано е дека врз основа на изработка на студија и софтверско решение за дополнително плаќање по успешност на лекарите на седум пилот болници изготвена е фактура на износ од 3.704 илјади денари во која е содржан износ за надоместување на трошоците за одржување. Оспорувајќи го наведениот факт од добавувачот е побарано да се изработи нова фактура на износ од 2.642 илјади денари со истиот датум. Укажуваме дека од страна на фирмата поднесено е писмено барање за подигање и промена на фактура, со што фактурата од 3.704 илјади денари е невалидна и се заменува со нова фактура на износ со 2.642 илјади денари (Прилог 10, Барање за подигање и промена на фактура поднесено од фирмата „Инифинити Солушан").

Во **точка 1.3** Во врска со користењето на службени мобилни телефони од страна на вработените фактурата се плаќа во цел износ почнувајќи од месец мај 2010 година,а надминатиот лимит на вработените им се задржува на плата. (Прилог 11, Наредба и Решение задршки од плата за надминат лимит на мобилни телефони на вработени лица во Министерството за здравство ).

**2. Користење на средства согласно законските прописи**

2.1. Во врска со фактурата за реновирање на канцелариски простор и уредување на истиот во ЈЗУ Клиника за онкологија во Решението за избор на најповолен понудувач, односно во назив на предметот за набавка стои : Реновирање на канцелиски простор и уредување на истиот во ЈЗУ Клиника за онкологија Скопје за потреба на советници за права на пациенти на износ од 361 илјада денари (Прилог12, Решение за избор на најповолен понудувач.

2.2. Во врска со службените патувања во странство Ве известуваме дека е почитувана Уредбата за издадоците за службени патувања во странство („Службен весник на Република Македонија“ бр.50/00 и 64/01).
Секој аванс за службено патување во странство е покриен со каса исплати и секое реализирано патување е покриено со патен налог, решение, каса прими и каса исплати во зависност од тоа дали се работи за доплата на средства за службените патувања или враќање на средства во девизната благајна, а што се однесува до денарската благајна за секоја исплатена сметка се изработува каса исплати, односно за секој прилив во благајната каса прими. (Прилог 13 Уредбата за издадоците за службени патувања во странство)

**Министерството за здравство бара од Државниот завод за ревизија, посебно внимание да посвети на дадените забелешки да ги прифати, со тоа што истите да не преставуваат составен дел на Конечниот ревизорски извештај.**

Со почит,

Подготвил: Олга Танска
Одобрил: Фатмир Авмедовски

**МИНИСТЕР**

**D-r Bujar OSMANI**

# ОДГОВОР
## на забелешките по Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор

Раководното лице (законскиот застапник) на субјектот за периодот за кој е вршена ревизија на финансиски извештаи и ревизија на усогласеност за 2009 година на Министерството за здравство на Р. Македонија на ден 28.09.2010 година достави Забелешки на Нацрт извештајот на овластениот државен ревизор за сметката 637 кои се заведени под број 11-186/10 од 30.09.2010 година.

Овластениот државен ревизор ги разгледа доставените забелешки на Нацрт извештајот и истите не ги прифати поради тоа што дел од доставените забелешки претставуваат информирање за превземените мерки за дадените препораки, а во одреден дел се наведуваат причините за утврдените состојби без притоа да се презентираат веродостојни докази со кои ќе се оспорат или променат утврдените состојби од страна на ревизијата. Доставените известувања за превземените мерки за дадените препораки соодветно ќе бидат обелодените во Конечниот ревизорски извештај. Деталните објаснувања за дадените забелешки се презентирани во продолжение и тоа како што следува:

1. Упатената забелешка на **точката 4.2.1.** која се однесува на утврдените недоследности во делот на начинот на евидентирање на полното работно време и на прекувремената работа, потврдување на присутноста на работа и неможноста за непречено функционирање на контролниот систем **<u>не се прифаќа.</u>** Законскиот застапник во прилог на забелешките достави доказ кој се однесува за периодот кога е во тек ревизијата а не доказ за периодот кој е предмет на ревизија. Доставувањето на самиот Предлог - Правилник за евиденција на времето за доаѓање, присутност и одење од работа од една страна и издаденото задолжување од страна на раководителот на субјектот (во фазата на известување од извршената ревизија) до комисијата за контрола на редовност на работа и раководителите на секторите и директорите на органите во состав на министерството да ги превземат сите потребни мерки за евиденција и контрола на користењето на работното време од друга страна претставуваат потврдување на утврдените недоследности во начинот на следење, евидентирање и потврдување на присутноста на работа.

2. Упатените забелешки на **точката 4.2.2.** кои се однесуваат на констатираните состојби во делот на неизготвени решенија / акт за утврдување на плата на државните службеници и неизвршеното враќање на работничките книшки на вработените **<u>не се прифаќа.</u>** Законскиот застапник за делот на неизготвените решенија / акти за утврдување на платите на државните службеници ги наведува причините за утврдените состојби и тоа „честите промени на законската регулатива од една страна и големиот број на организациони единици, орани во состав и бројот на вработените од друга страна", додека за делот на неизвршеното враќање на работничките книшки

законскиот застапник известува дека оваа активност е во завршна фаза како и дека е доставена ургенција од секторот за човечки ресурси до сите вработени кои не ги подигнале работните книшки веднаш да го направат истото.

Превземените мерки од страна на законскиот застапник односно изработените: „Правилник за систематизација на работните места во Министерството за здравство“ и „Правилник за внатрешна организација“, како и нивното доставување до Агенцијата на државни службеници на ден 07.09.2010 година ќе биде соодветно обелоденото во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

3. Упатените забелешки на **точката 4.2.4.** кои се однесуваат на утврдените состојби за: недоволно обезбедени средства за задоволување на правата на здравствена заштита на граѓаните; отсуство на информации во програмите за неплатените обврски од претходниот период; редовно и навремено изменување и дополнување на секоја конкретна програма; непревземени мерки и активности за уредување на меѓусебните права и обврски помеѓу Министерството за здравство и ЈЗУ; начинот на фактурирање односно за висината на цената на чинење на извршените услуги; недоставување на фактурите (оние кои се над лимитот на утврдените средства со конкретната програма) во сметководството и нивно евидентирање во деловните книги и ненавремено и несоодветно изготвување на извештаите за реализираните мерки и активности предвидени со програмите, **<u>не се прифаќа</u>**. Законскиот застапник во прилог на забелешките не достави докази со кои ќе ги оспори или промени утврдените состојби од страна на ревизијата, односно во самите извештаи се наведуваат причините за утврдените состојби и превземените активности по утврдените состојби.

   Упатените забелешки на **точката 4.2.4.** во делот на утврдените состојби кои се поместени во пооделните делови за пооделните програми и Прилогот број 1 во кој се презентирани детално утврдените состојби од страна на ревизијата, **<u>не се прифаќа</u>** поради следното:

   - **Програма за заштита на населението од ХИВ/СИДА**

   Изнесените состојби / забелешки од страна на законскиот субјект дека ги превземал сите потребни мерки за навремено изменување и дополнување на наведената програма не ја одразува во целост реалната состојба поради тоа што извршени се две измени и дополнувања на Буџетот на Република Македонија (првиот ребаланс е донесен на 04.06.2009 година додека вториот ребаланс на 08.10.2009 година), додека измената на програмата е извршена на ден 16 ноември 2009 година. **Алинејата два во Прилог број 1** во делот на констатациите за непревземени активности за пренамена на програмата ќе се промени поради тоа што за извршените пренамени извршени на ден

10.12.2009 година извршено е изменување и дополнување на програмата на ден 15 декември 2009 година.
Ревизијата уште еднаш укажува на законскиот застапник и на одговорното лице за следење на програмата за потребата од инкорпорирање на средствата утврдени во Буџетот на Република Македонија во делот на „Буџет на донации“ во оваа програма и проширување и уредување на активностите договорени со соодветниот донатор.
За делот на необработени и неевидентирани обврски во деловните книги за оваа програма не се доставени дополнителни докази со кои ќе се оспори утврдената состојба, туку се дава објаснување на причината за утврдената состојба.

- **Програма за здравствена заштита на лица со болести на зависности во Република Македонија**

Упатените забелешки за утврдените состојби во делот на погоренаведената програма не претставуваат забелешки туку информирање од страна на законскиот застапник за превземените мерки (воведување на залихите во деловните книги и нивно презентирање во финансиските извештаи) и елаборирање на причините кои ги предизвикале утврдените состојби. Ревизијата не го оспорува фактот дека се работи само за една ЈЗУ која врши фактурирање на метадонот, но поради методолошкиот пристап на ревизијата да не се обелоденуваат називите на правните субјекти, пристапено е кон употреба на кратенката „ЈЗУ“ што во овој случај се работи само за една установа.
За делот на презентираните изготвени/потполнети прашалници/ формулари кои се доставени до министерството за здравство од страна на ЈЗУ во месец март и април 2010 (кој рок со програмата е утврден до 15.01.2010 година), е соодветно обелоденет во Прилогот број 1 во делот на оваа програма.

- **Програма за организирање и унапредување на крводарителството**

Законскиот застапник со упатените забелешки во делот на Програмата за организирање и унапредување на крводарителството кои се однесуваат на утврдените состојби во делот на не надоместување на дел од трошоците (партиципација) за извршените услуги на крводарители со над 10 крводарувања и отсуство на уредни и веродостојни извештаи кои треба да претставуваат прилог на примените фактури за надоместување на извршените услуги, не приложи дополнителни докази со кои ќе ги оспори или промени утврдените состојби од страна на ревизијата. Законскиот застапник дава сопствено видување за утврдената состојба без притоа да ги има во предвид одредбите на точка 8 “Финансирање на програмата“ од наведената Програма каде децидно е уреден начинот на преносот на средства, како и да достави докази за периодот од 01.01.2009 година па се до

09.10.2009 година кога се врши измена и дополнување на наведената програма со што предвидените средства за делот на надоместување на трошоците за партиципација се бришат.

- **Здравствена заштита на болни кои се третираат со дијализа**

Законскиот застапник со изнесените ставови во доставените забелешки за утврдените состојби за оваа прорама во алинеја 1 кои се однесуваат на потребата од потпишување на планови за соработка во времетраење од три години ја потврдува утврдената состојба од страна на ревизијата и воедно ги појаснува причините за утврдената состојба односно дека Република Албанија најавила иницијатива за потпишување на нова спогодба за соработка.
За упатената забелешка на утврдената состојба во алинеја 2 која се однесува на начинот на фактурирање од страна на ЈЗУ за инсулинската терапија не се доставени дополнителни докази, туку доставените забелешки претставуваат елаборирање на состојбите во оваа област и објаснување на начинот на фактурирање (неосигурани пациенти).
Изнесените констатации и видувања дека не постојат услови за групна набавка на инсулин од страна на министерството не ја одразува реалноста и истата не делува во насока на постигнување на економично, ефикасно и ефективно користење на средствата предвидени за оваа намена. Со превземените активности за групна набавка ќе се обезбеди можност за добивање на пониска цена и еднаков пристап во начинот на постапување од страна на ЈЗУ.

- **Програма за здравствена заштита на лица со душевни растројства**

За утврдените состојби во алинеја еден во делот од Нацрт извештајот за оваа програма а кои се однесуваат на констатираните разлики помеѓу утврдените единечни цени содржани во самата програма и цените по кои се врши фактурирањето на извршените услуги, законскиот застапник известува дека се превземени потребните мерки за надминување на утврдената состојба односно дека е постапено по препораките на овластениот државен ревизор.

- **Програма за систематски прегледи на учениците и студентите во Република Македонија за 2009 година**

Овластениот државен ревизор укажува на законскиот застапник и на одговорното лице за следење на програмата за потребата од инкорпорирање на средствата утврдени во Буџетот на Република Македонија во делот на „Буџет на донации“ во оваа програма и проширување и уредување на активностите договорени со соодветниот донатор. За потврдување на утврдената состојба од страна на ревизијата може да се изврши увид во

посебниот дел на Буџетот на Република Македонија од кој може да се констатира дека покрај средствата предвидени со основниот буџет за оваа програма предвидени се средства и во делот на Буџетот на донации.

- ***Програма за превентивни мерки за спречување на туберкулозата кај населението во Република Македонија за 2009 година***

Упатените забелешки во делот на оваа програма кои се однесуваат на утврдените состојби приложени во Прилогот број 1 за ненавремено изменување и дополнување на програмата и усогласување на програмските активности во рамките на одобрените средства, не ја одразуваат реалната состојба. Имено законскиот застапник известува дека на ден 18.08.2009 година доставил допис до Владата на Република Македонија, без притоа да ги има во предвид состојбите дека првите измени и дополнувања на Буџетот на Република Македонија се донесени на ден 04.06.2009 година и дали доставените измени на наведената програма во делот на обезбедените средства е донесена од Владата на Република Македонија и објавена во Службен весник на Република Македонија.
Овластениот државен ревизор укажува на законскиот застапник и на одговорното лице за следење на програмата за потребата од инкорпорирање на средствата утврдени во Буџетот на Република Македонија во делот на „Буџет на донации" во оваа програма и проширување и уредување на активностите договорени со соодветниот донатор. За потврдување на утврдената состојба од страна на ревизијата може да се изврши увид во посебниот дел на Буџетот на Република Македонија од кој може да се констатира дека покрај средствата предвидени со основниот буџет за оваа програма предвидени се средства и во делот на Буџетот на донации.

- **Програма за превентивна здравствена заштита во Република Македонија за 2009 година**

Упатените забелешки во делот на оваа програма кои се однесуваат на утврдените состојби приложени во Прилогот број 1 за ненавремено изменување и дополнување на програмата и усогласување на програмските активности во рамките на одобрените средства, не ја одразуваат реалната состојба. Законскиот застапник ја наведува комуникацијата со Владата на Република Македонија во врска со висината на одобрените средства за оваа програма и извршените измени и дополнувања на оваа програма без притоа да го елаборира делот на утврдените состојби во алинеја два која се однесува на извршените пренамени во рамките на самата програма односно пренамени од една во друга програма без нивно изменување и дополнување од страна на надлежниот орган и нивно објавување во Службен весник на Република Македонија.

- **Програма за лекување на ретки болести во РМ за 2009 година**

Упатените забелешки на оваа програма кои пред се се однесуваат на бројот на опфатени деца кои се лекуваат од ретки болести не ја одразуваат реалноста и истите се насочени кон објаснување на причините за утврдените состојби од ревизијата, односно не оспорувајки го фактот дека со самата програма е предвидено лекување на 20 лица, а реално се опфатени само две лица. Ревизијата не го оспорува фактот дека за лекување на овие болести се потребни повеќе средства.

- **Програма за рано откривање и спречување на болестите на репродуктивните органи кај жената во Република Македонија за 2009 година**

Законскиот застапник со упатените забелешки во делот на оваа пргограма ги објаснува причините за непревземените мерки и активности за изменување и дополнувања на програмата, но не и оспорување на утврдената состојба од страна на ревизијата.

- **Програма за задолжителна имунизација на населението во Република Македонија за 2009 година**

Упатените забелешки на точката во делот на Програмата за задолжителна имунизација на населението во Република Македонија за 2009 година од Нацрт извештајот кои се однесуваат на утврдените состојби за непревземени активности за изменување и дополнување на програмата, преставуваат елаборирање на причините за утврдената состојба од една страна и известување за превземените мерки од страна на законскиот субјект за надминување на утврдените состојби од друга страна. Превземените мерки од законскиот застапник (донесено Упатство за процедури и постапки на планирање, подготвување, реализација на програмите како и постапки за реализирање на финансиските средства на извршителите на активностите од Програмите финансирани од Буџетот на Република Македонија) за надминување на утврдените состојби ќе биде соодветно обелоденото во Конечниот извештај на овластениот државен ревизор.

- **Програма за рано откривање, дијагностицирање и лекување на ракот на дојката за 2009 година**

Упатените забелешки на утврдените состојби во Програмата за рано откривање, дијагностицирање и лекување на ракот на дојката за 2009 година во делот на алинеја еден и два од нацрт ревизорскиот извештај кои се однесуваат на начинот на распределба на средства за НВО и распределба на средствата до ЈЗУ без да се почитува утврдениот критериум во програмата,

како и во делот од презентираните детално утврдени состојби во Прилог број 1 за оваа програма, преставуваат објаснување на причините за утврдените состојби од страна на ревизијата. Овластениот државен ревизор не го оспорува фактот дека со оваа програмата за 2009 година предвидени се средства за активностите на НВО во износ од 500 илјади денари, но во деловните книги  евидентирани се обврски кон НВО во вкупен износ од 400 илјади денари (НВО Животна искра – Скопје распределен износ од 104 илјади денари и НВО Борка – Скопје распределен износ од 296 илјади денари), и истите не се исплатени во годината предмет на ревизија.
Доставените информации за исплатените средства во износ од 100 илјади денари на Македонско женско лоби (по претходно потпишан меморандум), не преставуваат предмет на елаборирање во нацрт извештајот ниту во детално утврдените состојби опишани во Прилог број 1.
Упатените забелешки за висината на извршените распределба во износ од 2.276 илјади денари не се прифаќа поради тоа што во деловните книги на име други услуги евидентирани се обврски во износ од 1.100 илјади денари, додека за средствата во износ од 1.176 илјади денари извршено е евидентирање на обврските во деловните книги по фактура број 7 од 09.04.2009 година, а Програмата за изменување на Програмата за рано откривање, дијагностицирање и лекување на ракот на дојката во Република Македонија за 2009 година е донесена на ден 15 декември 2009 година, односно извршени се сите активности за да на крај да одлучи Владата на Република Македонија, односно не е почитувана постапка претходно да се направат измените и дополнувањата од Владата на Република Македонија па потоа да се постапува по истите.

- **Програма за одредени групи на население и одделни заболувања на граѓани кои не се здравствено осигурани во 2009 година**

Упатените забелешки на утврдените состојби во Програмата за одредени групи на население и одделни заболувања на граѓани кои не се здравствено осигурани во 2009 година презентирани во нацрт ревизорскиот извештај и во Прилог број 1 за детално елаборирање на утврдените состојби во делот на оваа програма, преставуваат само елаборирање на причините за утврдените состојби, свое видување за изнесените состојби и воедно законскиот застапник не достави дополнителни докази со кои ќе ги оспори или пренинaчи утврдените состојби.
Овластениот државен ревизор истакнува дека лицата задолжени за следење на остварувањето на прогамата дозволиле фактурирањето за извршените услуги за здравствена заштита на родилките (неосигурани) да се врши различно во зависност од ЈЗУ (делумно по реалниот број на породувања, а делумно по 10% од вкупно извршените породувања).

- **Програма за здравје за сите и континуирана медицинска едукација во Република Македонија за 2009 година**

Упатените забелешки за утврдените состојби во алинеја 1 во делот на Програмата здравје за сите и континуирана медицинска едукација во Република Македонија за 2009 година кои се однесуваат за непревземените мерки за изменување и дополнување на наведената програма не преставуваат забелешки туку објаснување на причините за утврдените состојби. Овластениот државен ревизор укажува на потреба од превземање на навремени мерки за изменување и дополнување на наведената програма и почитување на потребниот редослед на активности во постапувањето при реализација на истата.

4. Упатените забелешки на **точката 4.3.1.** за утврдените состојби кои се однесуваат за начинот на постапување со ситниот инвентар, канцелариски материјали, вакцини, лекови, средства за дезинфекција, заштитни средства итн **<u>не претставува забелешка</u>**. Законскиот застапник известува за превземените мерки во делот на утврдените состојби односно дека е донесено:
    - Упатсво за политики и процедури за начинот на прием, издавање, водење евиденција и вршење попис на вакцини и друг медицински материјал во Министерството за здравство како и во Јавните здравствени установи и други Здравствени установи кои вршат здравствена дејност во услови кога овие средства се сопственост на Министерството за здравство. За оваа превземена активност од страна на ревизијата извршено е обелоденување во самиот Нацрт извештај.
    - Извршено е дефинирање на вкупните количини на отпад и доставено е известување до Бирото за лекови на ден 16.09.2010 година.

Скопје, 20.10.2010 година